АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ И ПРЕДВРЕМЕНИ ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2019 ГОДИНА

ИЗВЕШТАЈ ОД МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ

ЗА ПЕРИОДОТ ОД 10 ДО 19 АПРИЛ 2019 ГОДИНА

МЕТОДОЛОШКИ НАПОМЕНИ

Вториот извештај од мониторингот на изборното медиумско претставување во првиот круг на кампањата за Претседателските и за Предвремените локални избори за градоначалник во Дебар, Ново Село и Охрид, го опфати периодот од 10 до 19 април 2019 година.

Примерокот за мониторинг остана ист како и во првите девет дена, односно ја опфаќа 24-часовната програма на вкупно 32 програмски сервиси - 15 на национално ниво (13 ТВ и две радија)[1] и 17 регионални и локални телевизии[2].

Предмет на анализа беа сите облици на изборно медиумско претставување: дневно – информативните емисии, посебните информативни емисии – особено интервјуата, дебатите или ТВ/радио соочувањата, актуелно-информативните програми, актуелно-информативните програми со документаристички пристап и тематските специјализирани информативни програми кои беа посветени на изборите. Се следеа и облиците на директен пристап до избирачите какви што се бесплатното политичко претставување и платеното политичко рекламирање. Емисиите што не се поврзани со изборите се анализираа тогаш кога во нив учествуваа или се појавуваа учесници во изборна кампања и/или претставници на органите на власта (државна и локална), на државните институции и организации и на правните и на другите лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања.

Се користеше техниката анализа на содржината, преку која беа добиени податоци за почитувањето на правилата за изборното медиумско претставување[3]:

- „Начинот на известување во вестите за учесниците во изборниот процес и за активностите на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања,
- Условите за пристап и третманот на учесниците во изборната кампања во посебните информативни емисии,
- Почитувањето на правилата за емитување платено политичко рекламирање и бесплатно политичко претставување,
- Почитувањето на забраната за емитување реклами финансирани од буџетски средства,
- Дали има случаи уредници, новинари, водители и презентери во радио и телевизиските програми истовремено да учествуваат и во предизборни активности на учесниците во изборна кампања?
- Дали се почитуваат правилата за објавување резултати од испитувања на јавното мислење?
- Дали се почитува забраната за поттикнување омраза и нетрпеливост од член 48 од ЗААВМУ.“

Начинот на кодирање на прилозите во вестите остана ист, односно, сите прилози за активности/изјави поврзани со изборите беа ставени во една тематска категорија *„Избори 2019*“, а останатите новости во темата „*Други прилози*“. Претседателските и градоначалничките кандидати беа означени по име, а кон одвоеното време за нив, беше приклучено и времето за претставниците на нивните изборни штабови. Поддршката од политичките партии се кодираше издвоено.

Во Извештајов се дадени показателите за начинот на известување за изборите на националните медиуми и на регионалните и локалните телевизии кои емитуваат програма на подрачјето на Дебар, Ново Село и Охрид. Извештаи за преостанатите медиуми од примерокот за мониторингот ќе бидат објавени интегрално, по завршувањето на изборите.

---

[1] Пет сервиси од Јавниот радиодифузен сервис - МРТ1 и МРТ2 Програма на албански јазик (односно Првиот и Вториот телевизиски програмски сервис), Собранискиот канал и Македонско радио – Прв програмски сервис (МР1) и Програмата на албански јазик на Каналот на етничките заедници на Македонско радио, и 11 комерцијални телевизии – терестријалните ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма, кабелските 1ТВ, ТВ 21-М, ТВ Клан Македонија, ТВ Сонце и ТВ Шења, и сателитската ТВ 24 Вести.

[2] ТВ Дибра и Телевизија 3 со седиште во Дебар, ТВ М и ТВ Морис со седиште во Охрид, ТВ Кобра со седиште во Радовиш, ТВ Канал Вис со седиште во Струмица, ТВ Тера – Битола, ТВ Здравкин – Велес, ТВ КТВ – Кавадарци, ТВ Канал Визија - Прилеп, ТВ Феста – Куманово, ТВ Стар и ТВ Ирис – Штип, ТВ Ускана Еден, ТВ Кисс и ТВ Коха -Тетово.

[3] Согласно „Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси“, донесена на 7 февруари 2019 година: достапна на: www.avmu.mk.

Клучни наоди

Во вторите десет дена од првиот круг од кампањата за Изборите во 2019 година, за изборните процеси, со поголем интензитет, односно со повеќе од половина од времето во вестите, известуваа: МРТ1, МРТ2 Програма на албански јазик, МР1, МР Програма на албански јазик, ТВ Алфа, ТВ Сител и регионалната телевизија со седиште во Охрид ТВМ. Кај другите медиуми известувањето и натаму беше со помал интензитет, односно најчесто претставуваше половина или помалку од половина од прилозите во вестите.

И во овој извештаен период, националните медиуми повеќе се концентрираа на активностите на претседателските кандидати, а и оние кај кои се јавуваа информации за градоначалничките избори - за нив имаа издвоено по некој прилог. Од друга страна, ретко која од регионалните и локалните телевизии имаше позначајно време во вестите посветено на изборите воопшто, со тоа што обично се концентрираа на локалните избори.

Карактеристика на медиумското покривање на изборите во периодот од 10 до 19 април 2019 година, беше поголемото настојување кај радиодифузерите за доследно почитување на принципот на еднаквост, согласно кој се обезбедува баланс во известувањето за активностите и на претседателските и на градоначалничките кандидати. Исклучок е ТВ Сител кај која има поголеми разлики во отстапеното време во вестите, од една страна за претседателските кандидати Пендаровски и Силјановска-Давкова, а од друга страна за кандидатот Река.

Посебни информативни емисии, реализирани било како дебати било како интервјуа на тема избори, имаше на повеќе медиуми. Дебати со претседателските кандидати организираа: МРТ1 (емитувана и на МРТ2 Програма на албански јазик и на МР1), ТВ Алсат-М, ТВ Сител и ТВ 21-М. Дебати со кандидатите за градоначалници за Охрид имаше на МРТ1, ТВ 24 Вести и ТВМ. Интервјуа со кандидатите за претседател на државата имаше на: МРТ2 Програма на албански јазик, ТВ Алфа, ТВ Телма, ТВ Сонце, ТВ 21-М, ТВ Клан Македонија, ТВ Шења и ТВ Вис. Интервјуа со кандидати за градоначалници реализираа: МРТ2 Програма на албански јазик со кандидатите од политичките партии на Албанците за Дебар и за Охрид, 1 ТВ и ТВ Клан Македонија за Дебар, а ТВМ со кандидатите за Охрид.

На повеќе медиуми имаше интервјуа и со политичари и со експерти, а во неколку емисии гостуваа и претставници на Државната изборна комисија со цел да ги информираат гледачите за начинот на остварување на нивното гласачко право и за текот на изборниот процес воопшто. Во неколку наврати, и гледачите имаа можност да ги изнесат своите ставови во врска со изборите, на медиумите што емитуваат програми во кои актуелните настани се предмет на дискусија со публиката преку телефонски контакт.

На Канал 5, дел од кандидатите се појавија и во емисии кои не беа поврзани со изборите.

МРТ 1, согласно својата обврска, повеќепати упати повик за бесплатно политичко претставување до кандидатите за претседатели и за градоначалници. Кандидатите не ја искористија оваа можност за претставување, односно на повикот се одѕва само Михаил Трендафилов – Нанче, кандидат за градоначалник на Охрид од ГДУ.

Потребно е да се потенцира дека, освен Јавниот сервис МРТ1 и ТВ 24 Вести, информации за лицата со оштетен слух на знаковен јазик обезбеди и охридската ТВМ.

Во делот од дневноинформативните емисии посветен на актуелните настани од земјата, обично најмногу се известуваше за активностите на Владата во контекст на претстојниот извештај од Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија, особено од аспект на прашањето – дали ќе биде добиен датум за почеток на пристапните преговори, при што еден од аспектите беа и изјавите на министерот за информатичко општество и администрација Дамјан Манчевски, околу подготвеноста на кадарот во јавната администрација да ги спроведе тие преговори. Уште една тема беше прогласувањето епидемија на мали сипаници на територијата на целата држава и изјавите на министерот за здравство Венко Филипче за активностите што се преземаат. Релативно често имаше прилози во врска со новите

инвестициски политики, мерки во сферата на земјоделството и сл., а во фокусот на информирањето остана и идното устројство на Специјалното јавно обвинителство, што треба да биде уредено со предлог-законот за Јавното обвинителство за што се водеа преговори меѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, а согласно своите надлежности, инволвирано е и Министерството за правда. Продолжија и информациите во поглед на новостите од тековните судски случаи, и барањето за помилување упатено до претседателот Ѓорге Иванов од дел од осудените во случајот за собраниските настани од 27 април 2017 година, активностите и постапувањето на Државната комисија за спречување корупција итн.

ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ

МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА – ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС (МРТ1)

Дневно-информативни емисии

Примерок:

Дневници во 19:30 часот и 22:30 и/или 23:30 часот (терминот се поместуваше зависно од времетраењето на другите програмски содржини).

Анализирани се 20 изданија со вкупно времетраење на методолошки избраните прилози од 5 часа и 24 минути и 33 секунди, од кои речиси 5 часа и 20 минути се претежно информативни жанрови, а 4 минути и 34 секунди се осврти.

Начин на известување:

И во завршните десет дена од првиот круг на изборната кампања за претседател на државата – од 10 до 19 април 2019 година, Информативната редакција на Првиот програмски сервис посебно во Дневникот од 19 часот и 30 минути се држеше до стандардната новинарска процедура за изработка извештаи што објективно ќе ги отсликаат предизборните иницијативи составени од различни облици, главно - организирана партиска изборна агитација, во која, за поддршка на Пендаровски учествуваа СДСМ со своите коалициски партнери (најчесто ДУИ и ДПА), на страната на Силјановска-Давкова опозициската ВМРО ДПМНЕ, а во прилог на кандидатот Река – партиите Алијанса за Албанците и Беса. Во оваа смисла, новинарските извештаи емитувани во второто, централно издание на дневноинформативната емисија (од 19 часот и 30 минути), поставени беа со едноставна аудиовизуелна структура што овозможува повлекување јасни споредбени паралели при оценката за еднаквоста на известувањето: Најнапред се презентирани предизборните поенти на претседателските кандидати, а во втор план се прикажани агитациските поенти на лидерите на споменатите партиски поддржувачи (иако, со оглед на времето што им е отстапено во поединечните прилози, очигледно новинарската проценка била дека тие агитациски поенти не се ништо помалку важни од оние на самите кандидати, па со предизборни поенти од јавните собири беа вклучени и: Зоран Заев, Христијан Мицкоски, Зијадин Села и Билал Касами). Во третото издание на Дневникот, емитувано во променливи периоди од 22:30 и/или 23:30 часот, прилозите за изборната кампања беа сведувани на – еден збирен извештај, составен од вести за патот на изборните карвани низ повеќе региони во државата.

Со други зборови - разликите во методолошки обработената статистика од информативната минутажа отстапена за кандидатите за претседател на државата, и во овој период од мониторингот се должат на два основни фактора: - 1) дали претседателскиот кандидат самостојно ги спроведувал изборните средби со потенцијалните гласачи (на пример: изборна трибина/соочување/промоција специфични делови од изборната платформа), или, пак - 2) при реализацијата на изборните активности подеднакво важна улога им е дадена и на претседателскиот кандидат и на неговите партиски поддржувачи. Методолошки погледнато, во првиот случај, целото време на поединечниот новинарски прилог се вбројува само во статистиката за кандидатот, а во вториот случај, вкупното време на прилогот е поделено на онолку политички субјекти колку што и фактички учествувале во изборниот настап пред гласачите. Поради ова, при определувањето – „објективност“ на медиумскиот пристап кон нечија кампања, земени се предвид и – времетраењето на поединечните прилози, и – уредувачкиот/новинарскиот склоп на аудиовизуелната целина. И по двата параметра, може да се рече дека информативната редакција на Првиот програмски сервис – еднакво ги третираше кампањите на тројцата претенденти за претседател на државата, имајќи ги притоа предвид и поредуцираните облици кампања на кандидатот за претседател Блерим Река, во однос

на кампањата што по сите изборни региони ја водеа противкандидатите Пендаровски и Силјановска-Давкова.

Оттаму, за **Гордана Силјановска-Давкова** (*поединечно – 29 минути и 56 секунди*) и за **ВМРО ДПМНЕ** (*26 минути и 52 секунди*) беа отстапени **вкупно – 56 минути и 48 секунди**; за **Стево Пендаровски** (*поединечно – 38 минути и 23 секунди*) и за **СДСМ** (*14 минути и 49 секунди*) **вкупно – 53 минути и 12 секунди**; за **Блерим Река** (*поединечно – 29 минути и 55 секунди*)**, за Алијансата за Албанците** *(7 минути и 41 секунда)* **и за Беса** (*7 минути и 41 секунда*) **вкупно – 45 минути и 17 секунди** (Табела 1).

Во времето од 3 часа 9 минути и 10 секунди, колку што во вестите беше известувано на изборни теми, имаше само генерални информации за локалните избори.

Статистички, минутажата за субјектите што не се директно поврзани со тековните облици изборна кампања, а сепак се појавуваат во категоријата – „Избори 2019 година", се должи на активностите што во овој период ги преземаа Државната изборна комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата или, пак, акредитираните странски набљудувачи на изборниот процес (во овој контекст, на пример, се чита и минутажата за субјектот – „*локална самоуправа*", оти некои градоначалници реферираа пред ДКСК прозвани по приговор од опозициската ВМРО ДПМНЕ дека, наводно, преземале општински активности што не се дозволени во тек на изборни процеси).

Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови

МРТ1

Избори 2019	Траење	Процент	
Гордана Силјановска-Давкова	00:29:56	15,82	%
ВМРО ДПМНЕ	00:26:52	14,20	%
СДСМ	00:14:49	7,83	%
Стево Пендаровски	00:38:23	20,29	%
Блерим Река	00:29:55	15,81	%
ДИК и други органи	00:14:20	7,58	%
Влада	00:06:13	3,29	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:02:31	1,33	%
Други субјекти	00:08:52	4,69	%
Локална самоуправа	00:00:49	0,43	%
Беса	00:07:41	4,06	%
Алијанса за Албанците	00:07:41	4,06	%
Граѓански сектор	00:01:08	0,60	%
Вкупно за тема:	**03:09:10**	**100**	**%**
Други прилози			
Влада	00:46:33	35,58	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:20:04	15,34	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:22:48	17,43	%
Други субјекти	00:16:59	12,98	%
Јавно обвинителство	00:03:43	2,84	%
ВМРО ДПМНЕ	00:10:04	7,70	%
Без субјекти	00:03:22	2,57	%
ДИК и други органи	00:00:46	0,59	%
СДСМ	00:04:45	3,63	%
Експерти/аналитичари	00:01:45	1,34	%
Вкупно за тема:	**02:10:49**	**100**	**%**
Вкупно:	**05:19:59**		

Информативната редакција емитуваше и новинарски осврт (4 минути и 34 секунди) за подготовките околу спроведувањето на дебатното соочување меѓу претседателските кандидати Силјановска-Давкова,

Река и Пендаровски, реализирано во скопскиот хотел „Александар Палас“, ставајќи акцент врз резултатите од истражувањето на јавното мислење што за Јавниот сервис го спровела агенцијата М-Проспект.

Претстојниот извештај на ЕУ за општествено-политичката кондиција на државата и за нејзината (не)подготвеност за пристапните преговори, новинарски проследен со извештаи, изјави и со куси разговори со странски дипломати, но и со контекстуалните коментари на Дамјан Манчевски, министерот за информатичко општество и администрација, во овој период најмногу придонесе за медиумската/информативната присутност на Владата. Кон ова време се придодадоа и релативно честите прилози по повод новите инвестициски политики на Фондот за иновации во приватното мало стопанство, како и надлежноста/инволвираноста на Министерството за правда во повеќенеделните меѓупартиски преговори (СДСМ/ВМРО ДПМНЕ) за предлог-законот за Јавното обвинителство.

Во табелата за „директни обраќања“, односно – тонски илустрирани цитати од политичките субјекти што по различни начини земале учество во предизборието, одредена статистичка предност има опозициската ВМРО ДПМНЕ, пред сè поради нејзините континуирани активности околу можната корупција на изборниот процес, при што адреси за одговор на нивните барања беа: ДИК, Владата (министерствата за правда и за внатрешни работи), Јавното обвинителство и надлежните судски инстанци, но и директниот политички опонент, владејачката СДСМ. И во оваа статистика, разликата меѓу „директните обраќања“ во ставките за кандидатите за претседател се должи на бројноста на – индивидуалните изборни настапи, наспроти времето за кампањата што го поделија со своите партиски поддржувачи (Табела 2).

Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти

МРТ 1

Субјекти	Траење	Процент	
Влада	00:21:44	15,92	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:10:45	7,88	%
ВМРО ДПМНЕ	00:16:42	12,23	%
Други субјекти	00:09:32	6,98	%
Локална самоуправа	00:00:15	0,18	%
Стево Пендаровски	00:16:08	11,82	%
СДСМ	00:07:58	5,84	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:13:05	9,58	%
Блерим Река	00:17:19	12,69	%
Беса	00:02:11	1,60	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:08:35	6,29	%
ДИК и други органи	00:07:10	5,25	%
Алијанса за Албанците	00:02:48	2,05	%
Експерти/аналитичари	00:00:14	0,17	%
Јавно обвинителство	00:02:04	1,51	%
	Вкупно: 02:16:30	**100**	**%**

Посебни информативни емисии

Дебати

Експертска, политиколошка дебата за изборниот процес за претседател, на 11 април во актуелно - информативната емисија „И што сега?“ водеа Сашо Клековски и Трајан Гоцевски.

Организирана во студиски адаптиран простор од скопскиот хотел „Александар Палас“, надополнета со кус ТВ-портрет за секој од тројцата претседателски кандидати како и со податоци од истражување на тековното јавно мислење за нивните изборни шанси - двочасовната дебата меѓу тројцата претенденти за институцијата – Претседател на државата, Првиот програмски сервис ја емитуваше на 12 април.

Предизборно соочување меѓу кандидатите за градоначалник на Охрид: Константин Георгиески (СДСМ), Стефче Стевоски (Демократи), Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ), Џемаил Мена (Беса) и Михаил Трендафилов – Нанче (ГДУ), реализирано и со превод на знаковен јазик, беше емитувано во изданието на „И што сега?“ од 18 април.

Други информативни програми

На 15 април, во утринскиот програмски појас се емитуваше десетминутен разговор со Љупка Гугучевска и со Адмир Шабани, портпаролите на Државната изборна комисија, со цел потенцијалниот гласач навреме да се информира и елементарно да се едуцира за своето гласачко право, а при тоа, беше промовиран и едукативниот спот со слоган „Мојот глас – мое право“.

Бесплатно политичко претставување

Три минути од овој вид можност за обраќање пред гласачкото тело, во периодот од 10 до 19 април 2019 година, на 15 април искористи само Михаил Трендафилов – Нанче, кандидатот за градоначалник на Охрид од Граѓанската демократска унија.

Во согласност со членот 76-а став 4 од Изборниот законик, Првиот програмски сервис на Македонската телевизија преку знаковен/толкувачки јазик редовно адаптираше по едно издание на Дневникот и за гледачите со оштетен слух, како и некои од дебатните изданија на актуелно-информативната емисија насловена „И што сега?“.

МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА – ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС (МРТ2) - Програма на албански јазик

Дневно-информативни емисии

Примерок:

Дневници од 18:30 часот и од 22 часот.

Анализирани се 20 изданија со вкупно времетраење на методолошки издвоените прилози од 5 часа 50 минути и 42 секунди.

Начин на известување:

Следејќи го принципот на – еднаквост, во медиумскиот третман на сите кандидати за претседател на државата, но сообразно на реалните предизборни активности на секој кандидат, и во последните десет дена од изборниот процес во првиот круг, информативната редакција на албански јазик од Вториот програмски сервис на Македонската радио телевизија – известуваше рамноправно за организираните облици изборна кампања на Гордана Силјановска – Давкова (поддржана од опозициската ВМРО ДПМНЕ), на Стево Пендаровски (поддржан од владејачкиот СДСМ и од коалициските партнери ДУИ и ДПА) и на Блерим Река (поддржан од Алијансата за Албанците и од Беса). Показатели за таквиот уредувачки пристап се, најнапред – статистиката за соодносот (времетраењето) меѓу информативните прилози отстапени за секој од кандидатите поединечно, но и стандардизираноста на аудиовизуелните целини (новинарски обликувана содржина и монтажа на снимен материјал) со кои беа прикажувани предизборните настапи пред гласачите. Резултатите се следниве: за **Силјановска-Давкова** (*поединечно – 22 минути и 31 секунда*) и **ВМРО ДПМНЕ** (21 минута и 11 секунди), **вкупно: 43 минути и 42 секунди**; за **Пендаровски** (*поединечно – 21 минута и 21 секунда*)**, СДСМ** (5 минути и 48 секунди)**, ДУИ** (12 минути и 17 секунди)**, ДПА** (6 минути и 36 секунди) и **Алтернатива** (1 минута и 5 секунди), **вкупно: 47 минути и 7 секунди**; за **Река** (*поединечно – 23 минути и 22 секунди*)**, Алијансата за Албанците** (9 минути и 56 секунди) и **Беса** (9 минути и 56 секунди), **вкупно: 43 минути и 14 секунди** (Табела 1).

Изборите беа тема на 3 часа 18 минути и 16 секунди прилози во вестите, од кои сосема малку време беше одвоено за локалните избори и тоа за кандидатите во Општина Дебар.

Поединечните новинарски прилози (вестите/извештаите) од кампањите беа правени со математичка прецизност од неколку секунди разлика, а прикажаната вкупна статистичка разлика, пак, меѓу информативното време отстапено за кандидатите, произлегува непосредно од различните пристапи по кои секој од нив го водел сопственото предизборно претставување. Односно, ако во новинарскиот прилог е посочен случај на индивидуално спроведена кампања (*кандидатот сам соочен со гласачите*), тогаш целото време на прилогот е вкалкулирано само за еден статистички субјект, а во другата варијанта, кога прилогот бележи изборна активност во која биле вклучени и кандидатот и неговите партиски поддржувачи, тогаш времетраењето на прилогот е поделено на повеќе субјекти.

Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови

МРТ2 – Програма на албански јазик

Избори 2019	Траење	Процент	
ДПА - Демократска партија на Албанците	00:06:36	3,33	%
Стево Пендаровски	00:21:21	10,77	%
Блерим Река	00:23:22	11,79	%
Алијанса за Албанците	00:09:56	5,01	%
Беса	00:09:56	5,01	%
ВМРО ДПМНЕ	00:21:11	10,68	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:22:31	11,36	%
Други субјекти	00:11:15	5,67	%
Експерти/аналитичари	00:03:08	1,58	%
СДСМ	00:05:48	2,93	%
ДИК и други органи	00:36:39	18,49	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:12:17	6,20	%
Граѓани	00:00:41	0,34	%
Алтернатива	00:01:05	0,55	%
Без субјекти	00:04:33	2,29	%
Хекуран Дука (ДУИ)	00:02:09	1,08	%
Арбен Аголи (АА)	00:04:18	2,17	%
Влада	00:01:30	0,76	%
	Вкупно за тема: 03:18:16	**100**	**%**
Други прилози			
Влада	01:02:09	40,77	%
ВМРО ДПМНЕ	00:09:08	5,99	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:23:48	15,61	%
Други субјекти	00:11:38	7,63	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:08:34	5,62	%
Граѓански сектор	00:04:29	2,94	%
Судство	00:03:57	2,59	%
СДСМ	00:04:40	3,06	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:05:01	3,29	%
Експерти/аналитичари	00:07:50	5,14	%
Локална самоуправа	00:08:36	5,64	%
Без субјекти	00:02:36	1,71	%
	Вкупно за тема: 02:32:26	**100**	**%**
	Вкупно: 05:50:42		

Статистиката собрана во ставката за субјектот – „Влада“, а под методолошки наслов – „*Други прилози*“, односно – секојдневни, актуелни општествено-политички настани што не беа поврзани со

изборниот процес, во периодот од 10 до 19 април 2019 година најчесто произлезе од дипломатските активности околу очекуваниот извештај од ЕУ за потенцијалниот напредок на државата кон пристапните преговори со Унијата. Друга тема во која Владата, преку Министерството за правда, во овој период доби важен медиумски третман, беше т.н. – „лидерска средба“ меѓу СДСМ и ВМРО ДПМНЕ околу преговорите за предлог-законот за Јавното обвинителство, со посебен акцент на (не)спорноста на доказните материјали врз кои се темели и идниот статус на Специјалното јавно обвинителство.

Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти

МРТ2 – Програма на албански јазик

Субјект	Траење	Процент	
Влада	00:23:07	15,59	%
ВМРО ДПМНЕ	00:13:32	9,13	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:04:09	2,80	%
Стево Пендаровски	00:14:19	9,66	%
ДПА - Демократска партија на Албанците	00:02:34	1,73	%
Блерим Река	00:16:06	10,86	%
Алијанса за Албанците	00:06:20	4,27	%
Беса	00:04:22	2,95	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:14:48	9,98	%
Други субјекти	00:06:07	4,13	%
Локална самоуправа	00:03:18	2,23	%
Експерти/аналитичари	00:05:21	3,61	%
СДСМ	00:04:22	2,95	%
ДИК и други органи	00:11:14	7,58	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:03:20	2,25	%
НДП - Национална демократска преродба	00:00:33	0,37	%
Граѓански сектор	00:01:56	1,30	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:08:07	5,47	%
Алтернатива	00:00:24	0,27	%
Хекуран Дука (ДУИ)	00:01:52	1,26	%
Арбен Аголи (АА)	00:02:24	1,62	%
	Вкупно: 02:28:15	**100**	**%**

Пристапот кон претседателските кандидати се огледува и во распределбата на времето кај директните обраќања (Табела 2).

Посебни информативни емисии

Интервјуа

На 14 април, во емисијата „Неделно интервју“, беше направено кусо интервју со Дитмире Шеху, потпретседателката на Државната изборна комисија, во кое беа опфатени обврските на институцијата околу организирањето и спроведувањето на изборниот процес.

На 16 април, од 20:30 до 22 часот, последователно се емитувани три получасовни интервјуа: со Хекуран Дука од ДУИ и со Арбен Аголи од Алијансата за Албанците - двајцата кандидати за градоначалник на Дебар, и со Џемаил Мена, кандидатот на Беса за градоначалник на Охрид. На 17 и на 18 април, Вториот програмски сервис реализираше интервјуа со претседателските кандидати Стево Пендаровски и Блерим Река, а беше потенцирано дека кандидатката Гордана Силјановска-Давкова била поканета на интервју, но не одговорила на поканата.

Дебати

На 10 април, во изданието на емисијата „Аргумент“, на изборни теми ставови соочија Нури Бајрами, член на Комисијата за спречување на корупцијата, и политичките аналитичари Ибраим Мемети и Арбен Раткоцери. На 13 април, беше репризирана дебатата меѓу претседателските кандидати – Силјановска-Давкова, Пендаровски и Река, реализирана на Првиот програмски сервис. На 19 април изданието на „Аргумент“ донесе дебата околу предизборната реторика и партиската вклученост во кампањата за која се очекува(ше) да биде натпревар меѓу квалитетни индивидуалци, претенденти за претседател на државата.

РАДИО ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ

МАКЕДОНСКО РАДИО – ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС (МР1)

Дневно-информативни емисии

Примерок:

Централни вести во 15:30 часот (во недела терминот на Вестите е во 14 часот) и Радио 22 во 22 часот.

Анализирани се вкупно 19 дневноинформативни изданија, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 5 часа 9 минути и 52 секунди. (На 12.04.2019 наместо Радио 22 беше пренесувана дебатата на тројцата претседателски кандидати, емитувана на МРТ1).

Начин на известување:

Вкупно 3 часа и 4 минути беа издвоени за известување за изборните кампањи, што е за речиси 40 минути повеќе од времето кое што беше издвоено за другите теми. Од вкупното време за категоријата „Избори 2019“, само два прилога беа посветени на предвремените локални избори и тоа за двајца од кандидатите за градоначалник на Охрид.

Во известувањето за активностите од изборните кампањи на претседателските кандидати помалку време има за активностите на кандидатот Блерим Река и партиите кои го поддржуваа. За **Гордана Силјановска-Давкова** поединечно беа издвоени – **30 минути и 33 секунди**, што заедно со поддршката од опозициската ВМРО ДПМНЕ од **26 минути и 59 секунди**, достигнува **вкупно** – **57 минути и 32 секунди**; за **Стево Пендаровски** поединечно – **32 минути и 15 секунди**, што заедно со изборните настапи на СДСМ од **15 минути и 52 секунди** е **вкупно** – **48 минути и 7 секунди**; додека за **Блерим Река** – **14 минути и 32 секунди**, што заедно со поддршката од Алијансата за Албанците – **4 минути и 12 секунди**, и на Беса – **4 минути и 12 секунди**, е еднакво на **– 22 минути и 56 секунди** (Табела 1). Во неколку од прилозите за Блерим Река, времето беше поделено со Алијансата за Албанците и со Беса, чии лидери беа дел од митинзите на Река. Повеќепати на митинзите на Гордана Силјановска-Давкова, говореше и лидерот на ВМРО ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, а на митинзите на кандидатот Стево Пендаровски тоа го правеше и лидерот на СДСМ Зоран Заев.

Во многу мал обем беше известувано за предвремените локални избори и тоа само по еден прилог за кандидатите за градоначалник на Охрид, Митре Милошевски и Константин Георгиески.

Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови

Македонско радио 1

Избори 2019	Траење	Процент	
Други субјекти	00:10:47	5,86	%
Локална самоуправа	00:00:45	0,41	%
ВМРО ДПМНЕ	00:26:59	14,66	%
Блерим Река	00:14:32	7,90	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:30:33	16,60	%
Стево Пендаровски	00:32:15	17,53	%
СДСМ	00:15:52	8,62	%
Беса	00:04:12	2,28	%
Алијанса за Албанците	00:04:12	2,28	%

ДИК и други органи	00:30:37	16,64	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:02:01	1,10	%
Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ)	00:01:00	0,54	%
Константин Георгиески (СДСМ)	00:00:52	0,47	%
Граѓански сектор	00:00:33	0,30	%
Влада	00:05:11	2,82	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:03:39	1,98	%
	Вкупно за тема: 03:04:00	**100**	**%**
Други прилози			
Влада	00:58:45	40,50	%
Јавно обвинителство	00:07:29	5,16	%
Судство	00:03:07	2,15	%
Други субјекти	00:15:10	10,46	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:23:52	16,45	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:14:28	9,97	%
ВМРО ДПМНЕ	00:13:18	9,17	%
Граѓански сектор	00:04:15	2,93	%
Собрание	00:00:58	0,67	%
СДСМ	00:02:41	1,85	%
Специјално обвинителство	00:01:00	0,69	%
	Вкупно за тема: 02:25:03	**100**	**%**
	Вкупно: 05:29:03		

Во вестите, 2 часа 25 минути и 3 секунди беа посветени на известување за актуелните настани од земјата и најчести беа следните теми: реакции околу можноста за помилување на осудените за „27 април“ од страна на Ѓорге Иванов, разни судски рочишта, активности на ДКСК, критики од ВМРО ДПМНЕ за работата на Владата, преговорите околу законот со кој ќе се одреди идната поставеност на СЈО.

За редовните активности на Владата беа посветени 58 минути и 45 секунди од вкупното време во другите прилози.

Што се однесува до издвоеното време за директни обраќања на претседателските кандидати (Табела 2), за Гордана Силјановска-Давкова и за Стево Пендаровски беа издвоени по 24 минути и 44 секунди, додека за Блерим Река и овој пат имаше многу малку време – три обраќања со вкупно времетраење од 1 минута и 20 секунди. На трето место беше Владата, со вкупно 21 минута и 49 секунди директни обраќања. За ниту еден кандидат за градоначалник немаше директно обраќање.

Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти

Македонско радио 1

Субјект	Траење	Процент	
Влада	00:21:49	16,98	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:09:21	7,28	%
Други субјекти	00:05:33	4,32	%
Локална самоуправа	00:00:17	0,22	%
ВМРО ДПМНЕ	00:19:33	15,22	%
Стево Пендаровски	00:24:44	19,26	%
СДСМ	00:07:16	5,66	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:24:44	19,26	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:04:11	3,26	%
Граѓански сектор	00:02:30	1,95	%
ДИК и други органи	00:05:32	4,31	%
Собрание	00:00:40	0,52	%

ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:00:11	0,14	%
Јавно обвинителство	00:00:46	0,60	%
Блерим Река	00:01:20	1,04	%
	Вкупно: 02:08:27	**100**	%

Посебни информативни емисии

Интервјуа

На 13 април во рамките на информативната емисијата „Радио Спектар“, беше емитуван разговор со Марко Трошановски, директор на Институтот за демократија - Социетас Цивилис, во врска со нивната телефонска анкета за претседателските избори.

На 16 април во рамките на емисијата ,,Актуелно", беше емитувано интервју со политичкиот аналитичар, Александар Пандов, а темата беше бојкотот како опција на изборите.

Дебати

На 12 април беше пренесувана дебатата на тројцата претседателски кандидати, емитувана на МРТ1 и наречена „Предизборно соочување“.

Други информативни емисии

На 13 април, во рамките на информативната емисија „Радио Спектар“, Лилјана Пецова-Илиеска од Центарот за интернет, развој и добро управување, презентираше дел од резултатите од мониторинг анализата на политичките наративи и реторика на претседателските кандидати, во корелација со развојот на индексот на позитивен мир во државата. Во истата емисија беше емитувана информацијата за испитувањето на мислењето спроведено од Македонскиот центар за меѓународна соработка и Институтот за демократија - Социетас Цивилис во соработка со агенцијата М-проспект.

МАКЕДОНСКО РАДИО – ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

Дневно-информативни емисии

Примерок:

Вести во 16 часот.

Анализирани се 10 изданија на Вестите, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 3 часа 14 минути и 11 секунди.

Начин на известување:

Вкупно 2 часа 5 минути и 53 секунди беа издвоени на известување за изборните кампањи, што е речиси двојно повеќе од времето посветено на другите актуелни прилози. Повеќе прилози беа посветени на предвремените локални избори, со акцент на општините Дебар и Охрид.

Во овој извештаен период, известувањето за активностите од изборните кампањи на претседателските кандидати имаше поголем интензитет при што, и овој пат беше забележливо настојувањето да се обезбеди приближно подеднакво време за сите тројца претседателски кандидати. За активностите на **Гордана Силјановска-Давкова** беа издвоени **14 минути и 27 секунди** или заедно со поддршката од **ВМРО ДПМНЕ (8 минути и 29 секунди)** – **вкупно 22 минути и 56 секунди**; за **Стево Пендаровски – 14 минути и 48 секунди**, што заедно со настапите на **СДСМ (1 минута и 11 секунди)**, на **ДУИ (5 минути и 47 секунди**), на **ДПА (1 минута и 52 секунди)** и на **Алтернатива (1 минута и 16 секунди)**,

достигнува **24 минути и 54 секунди**, а **Блерим Река** самиот има **11 минути и 34 секунди**, на што се надополнуваат времињата за **Алијансата за Албанците (3 минути и 38 секунди)** и за **Беса (3 минути и 38 секунди)** или вкупно **18 минути и 50 секунди** (Табела 1).

Беше известувано и за предвремените локални избори, и тоа за двајца од кандидатите за градоначалник во Охрид, Константин Георгиески од СДСМ (**4 минути и 24 секунди**) и Митре Милошевски од ВМРО ДПМНЕ (**4 минути и 27 секунди**), како и за кандидатите за градоначалник на Дебар, Арбен Аголи од Алијанса за Албанците (**5 минути и 49 секунди**) и Хекуран Дука од ДУИ (**7 минути и 5 секунди**).

Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови

МРА – албански јазик

Избори 2019	Траење	Процент	
Блерим Река	00:11:34	9,19	%
Алијанса за Албанците	00:03:38	2,89	%
Беса	00:03:38	2,89	%
Стево Пендаровски	00:14:48	11,76	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:14:27	11,48	%
Хекуран Дука (ДУИ)	00:07:05	5,63	%
Арбен Аголи (АА)	00:05:49	4,62	%
Константин Георгиески (СДСМ)	00:04:24	3,50	%
Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ)	00:04:27	3,54	%
ДИК и други органи	00:21:42	17,24	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:03:17	2,61	%
ВМРО ДПМНЕ	00:08:29	6,74	%
ДПА - Демократска партија на Албанците	00:01:52	1,48	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:05:47	4,59	%
Алтернатива	00:01:16	1,01	%
СДСМ	00:01:11	0,94	%
Други субјекти	00:08:41	6,90	%
Влада	00:03:03	2,42	%
НДП - Национална демократска преродба	00:00:45	0,60	%
Вкупно за тема:	**02:05:53**	**100**	**%**
Други прилози			
Влада	00:24:54	36,46	%
Локална самоуправа	00:03:36	5,27	%
Јавно обвинителство	00:04:24	6,44	%
СДСМ	00:00:56	1,37	%
Судство	00:03:30	5,12	%
Специјално обвинителство	00:04:34	6,69	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:06:50	10,00	%
Други субјекти	00:02:37	3,83	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:10:00	14,64	%
ВМРО ДПМНЕ	00:01:19	1,93	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:05:38	8,25	%
Вкупно за тема:	**01:08:18**	**100**	**%**
Вкупно:	**03:14:11**		

Во вестите, 1 час 8 минути и 18 секунди беа посветени на известување за актуелните настани од земјата и тоа најчесто за: реакции околу можноста за помилување на осудените за „27 април“ од страна на претседателот Ѓорге Иванов, новостите од рочиштата во актуелните судски случаи, активностите на ДКСК, критики од ВМРО ДПМНЕ за работата на Владата, преговорите околу предлог-законот за Јавното

обвинителство и иднината на СЈО. За редовните активности на Владата, беше известувано во вкупно времетраење од 24 минути и 54 секунди.

И овој пат, времето издвоено за директни обраќања на претседателските кандидати беше премногу мало за да може методолошки оправдано да се коментира (Табела 2).

Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти

МРА – албански јазик

Субјект	раење	Процент	
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:02:03	4,45	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:03:47	8,21	%
Влада	00:05:42	12,37	%
Блерим Река	00:06:08	13,31	%
Алијанса за Албанците	00:02:14	4,85	%
Беса	00:02:04	4,48	%
Стево Пендаровски	00:08:12	17,79	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:06:18	13,67	%
ДИК и други органи	00:02:14	4,85	%
Локална самоуправа	00:00:27	0,98	%
ДПА - Демократска партија на Албанците	00:00:25	0,90	%
ВМРО ДПМНЕ	00:02:35	5,61	%
Алтернатива	00:00:12	0,43	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:01:02	2,24	%
Јавно обвинителство	00:00:23	0,83	%
Други субјекти	00:00:16	0,58	%
Хекуран Дука (ДУИ)	00:01:01	2,21	%
Арбен Аголи (АА)	00:01:02	2,24	%
	Вкупно: 00:46:05	**100**	**%**

ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА НАЦИОНАЛНО НИВО

ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ

АЛСАТ-М

Дневно-информативни емисии

Примерок:

Вести во 19 и во 23 часот.

Последниот извештаен период од првиот круг од изборната кампања траеше 10 дена – од 10 до 19 април 2019 година и оттаму, мониторингот на известувањето на Алсат-М опфати 20 изданија на вестите на албански и на македонски јазик. На анализа беа подложени прилози со вкупно времетраење од 7 часа 7 минути и 32 секунди, најчесто жанровски подготвени како извештаи, вест, изјави, соопштенија, интервју (со Талат Џафери, претседателот на Собранието) и експертски анализи.

Начин на известување:

Времето издвоено за изборната кампања беше генерално мало и со мал интензитет во споредба со другите прилози каде што најчесто се известуваше за други релевантни теми односно актуелните дневни-политички теми кои ги има за околу 3 часа повеќе. Од вкупното времетраење на анализираните прилози, само 2 часа 2 минути и 10 секунди се однесуваат на известувањето за изборниот процес.

За активностите на кандидатите за градоначалници на општините Охрид, Ново Село и Дебар, ТВ Алсат-М и во овој мониториран период не известуваше.

Во известувањето за активностите од изборните кампањи на претседателските кандидати обезбеди баланс, односно одвои приближно еднакво време за нивно претставување. Иако медиумот тежината во известувањето ја стави на самите кандидати, во два наврати на митинзите говореа и лидерите на партиите поддржувачи, додека ДУИ одвоено одржуваше кампањи и собири низ населени места во кои живеат Албанци. За ставовите и активностите на **Гордана Силјановска - Давкова** се посветени **22 минути и 9 секунди**, што заедно со поддршката од **ВМРО-ДПМНЕ** од **5 минути и 19 секунди** достигнува вкупно **27 минути и 28 секунди**; за **Блерим Река - 21 минута и 31 секунда**, што заедно со поддршката од **Алијанса за Албанците** – **4 минути и 42 секунди** и **БЕСА** – **3 минути и 9 секунди**, вкупно е **29 минути и 22 секунди,** додека за **Стево Пендаровски** беа одвоени **21 минута и 16 секунди**, што заедно со изборните настапи на **СДСМ** од **4 минути и 51 секунда** и на **ДУИ** од **4 минути и 51 секунда**, вкупно е **30 минути и 58 секунди** (Табела 1).

Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови

ТВ Алсат-М

Избори 2019	Траење	Процент	
Стево Пендаровски	00:21:16	17,41	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:22:09	18,13	%
Блерим Река	00:21:31	17,61	%
Граѓански сектор	00:05:27	4,46	%
ДИК и други органи	00:12:05	9,89	%
Други субјекти	00:07:35	6,21	%
Влада	00:05:25	4,43	%
ВМРО ДПМНЕ	00:05:19	4,35	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:04:51	3,97	%

Алијанса за Албанците	00:04:42	3,85	%
СДСМ	00:04:51	3,97	%
Беса	00:03:09	2,58	%
Судство	00:02:09	1,76	%
Експерти/аналитичари	00:01:41	1,38	%
Вкупно за тема:	**02:02:10**	**100**	**%**
Други прилози			
Влада	01:23:12	27,25	%
ВМРО ДПМНЕ	00:13:36	4,45	%
Специјално обвинителство	00:01:42	0,56	%
Судство	00:04:09	1,36	%
Други субјекти	00:51:49	16,97	%
Јавно обвинителство	00:12:10	3,98	%
Експерти/аналитичари	00:19:17	6,31	%
Без субјекти	00:08:44	2,86	%
Локална самоуправа	00:10:05	3,30	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:36:03	11,81	%
Граѓански сектор	00:08:47	2,88	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:23:02	7,54	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:09:12	3,01	%
Претседател	00:05:27	1,78	%
Алијанса за Албанците	00:01:45	0,57	%
Собрание	00:11:25	3,74	%
СДСМ	00:04:57	1,62	%
Вкупно за тема:	**05:05:22**	**100**	**%**
Вкупно:	**07:07:32**		

И во овој извештаен период, според отстапениот простор во прилозите за другите актуелности во вестите на албански и на македонски јазик, доминантна беше застапеноста на Владата, што се должи на известувањата за нејзините активности. Работата на Владата беше следена редовно, преку информации за домашните и надворешните политички прашања, што резултираше со прилози во времетраење од 1 час 23 минути и 12 секунди и тоа на теми поврзани со: барањето до претседателот Ѓорге Иванов да помилува лица осудени во случајот „27 април“, преговорите за предлог-законот за Јавното обвинителство, дилемата дали ќе добие Северна Македонија датум за отворање пристапни преговори со ЕУ, предлог-законот за попис на населението, лоцирање на турските државјани кои ги бара Анкара, потпишување на јавно-приватно партнерство со клиниката “Жан Митрев”, казни за неспроведување на законот за јазици, намалување на цените за роаминг, законот за државјанство, дебатата за законските измени за државни функционери, обврзувачката либерализација на пазарот на горивата, неусогласеноста на секторите здравство и образование во поглед на присуството на децата кои не се вакцинирани за мали сипаници во училиштата, прогласувањето епидемија на мали сипаници.

Алсат-М исто така, известуваше за судските случаи кои го привлекуваат интересот на јавноста и продолжи со практиката да ги следи и да им дава јавност на конкретни локални проблеми и потреби. Некои од актуелните теми ги контекстуализираше преку експертски гледишта како на пример, следниве прашања: *молкот на Иванов околу барањата за помилувања, преговорите за интеграција во ЕУ, датум за старт на преговорите, изборниот молк.*

Табела 2: Застапеност на директните обраќања во вестите по субјекти

ТВ Алсат-М

Субјект	Траење	Процент	
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:05:47	4.21	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:02:53	2.10	%

Влада	00:20:43	15.07	%
ВМРО ДПМНЕ	00:05:47	4.21	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:12:30	9.09	%
Стево Пендаровски	00:11:41	8.50	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:11:54	8.66	%
Блерим Река	00:12:07	8.81	%
Граѓански сектор	00:06:16	4.56	%
ДИК и други органи	00:04:02	2.93	%
Други субјекти	00:14:29	10.54	%
Локална самоуправа	00:02:21	1.71	%
СДСМ	00:04:08	3.01	%
Експерти/аналитичари	00:08:04	5.87	%
Собрание	00:08:01	5.83	%
Алијанса за Албанците	00:04:05	2.97	%
Беса	00:01:32	1.12	%
Јавно обвинителство	00:01:08	0.82	%
	Вкупно: 02:17:28	100	%

Времето одвоено за директните обраќања на тројцата претседателски кандидати е приближно еднакво: за Блерим Река 12 минути и 7 секунди, за Гордана Силјановска-Давкова 11 минути и 54 секунди и за Стево Пендаровски 11 минути и 41 секунда (Табела 2).

Посебни информативни емисии

Интервјуа

Во извештајниот период од 10 до 19 април 2019 година беа реализирани четири интервјуа во кои како тема се јавуваа изборите. Две од нив во рамките на емисијата "Патот кон": со Али Ахмети, претседателот на ДУИ (11 април) и со Зоран Заев, премиер и претседател на СДСМ (18 април). Во емисијата „200" беа реализирани другите две интервјуа: со Христијан Мицкоски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ (10 април) и со Зијадин Села, претседател на Алијанса за Албанците (16 април) во кои беа опфатени и претседателските избори.

Дебати

На 17 април, беше реализирана дебатна емисија, во која гостуваа тројцата претседателски кандидати Гордана Силјановска-Давкова, Блерим Река и Стево Пендаровски.

Во изданието на актуелно-информативната емисија "360 степени" на 15 април, беа анализирани говорите на тројцата кандидати за претседател и беа коментирани истражувањата на јавното мислење во врска со исходот во првиот круг од гласањето за претседателските избори.

ТВ АЛФА

Дневно-информативни емисии

Примерок:

Вести во 17:30 часот и Вести од 22 часот (вестите од 14 април беа поместени по 23 часот поради емисијата „Во центар").

Во периодот од 10 до 19 април, анализирани беа 20 изданија на Вестите на ТВ Алфа, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 5 часа 29 минути и 29 секунди.

Начин на известување:

Во вестите, ТВ Алфа најчесто известуваше за актуелните дневни социјално-политички теми, новинарски главно обработени низ основните жанровски форми вест, вест во низа и извештај, а за одредени теми имаше и аналитички пристап со коментаторски извештаи. За изборните кампањи во вестите беа издвоени 3 часа 15 минути и 45 секунди, што е за околу еден час повеќе од времето посветено за другите прилози.

Во блокот вести посветен на изборите, фокусот претежно беше ставен на претседателските избори и само со еден прилог беа покриени вонредните локални избори во Охрид, а во прилогот беа опфатени сите предложени кандидати за градоначалници.

ТВ Алфа во известувањето за активностите од претседателските избори, каде претежно беа пренесувани активностите во кампањата и делови од митинзите на тројцата кандидати, немаше преголема разлика во време за претставувањето на кандидатите Гордана Силјановска-Давкова и Стево Пендаровски и тоа **42 минути и 52 секунди** за **Силјановска**, и **33 минути и 7 секунди** за **Пендаровски**, додека за **Блерим Река** беше издвоено помалку време, **23 минути и 25 секунди**, што е пропорционално со интензитетот на неговите предизборни активности и кампањата, кои беа помали отколку кај останатите кандидати. Во овој блок прилози известувањето на медиумот беше непристрасно.

Што се однесува до распределбата на времето меѓу политичките партии, исто така, беше распределено приближно еднакво време и тоа **19 минути и 25 секунди** за владејачката **СДСМ**, а за опозициската **ВМРО ДПМНЕ - 18 минути и 52 секунди**. Ова време произлегува од нивното учество на митинзите на претседателските кандидати кои ги поддржуваа. Како и во претходниот извештај, така и во овој, партиите Беса и Алијанса за Албанците (кои го поддржуваа кандидатот Блерим Река), беа застапени со релативно помалку време и тоа **5 минути и 31 секунда за Беса и 1 минута и 35 секунди за Алијанса за Албанците** (Табела 1).

Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови

ТВ АЛФА

Избори 2019	Траење	Процент	
Други субјекти	00:15:16	7.80	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:42:52	21.90	%
ВМРО ДПМНЕ	00:18:52	9.64	%
Стево Пендаровски	00:33:07	16.92	%
СДСМ	00:19:25	9.92	%
Блерим Река	00:23:25	11.96	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:01:44	0.89	%
Влада	00:12:45	6.51	%
Без субјекти	00:00:46	0.39	%
Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ)	00:01:03	0.54	%
Константин Георгиески (СДСМ)	00:01:03	0.54	%
Михаил Трендафилов - Нанче (ГДУ)	00:01:03	0.54	%
Стефче Стевоски (ДЕМОКРАТИ)	00:01:03	0.54	%
Џемаил Мена (БЕСА)	00:01:03	0.54	%
ДИК и други органи	00:03:07	1.59	%
Беса	00:05:31	2.82	%
Алијанса за Албанците	00:01:35	0.81	%
Експерти/аналитичари	00:02:35	1.32	%
Јавно обвинителство	00:02:46	1.41	%

ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:02:07	1.08	%
Граѓански сектор	00:04:37	2.36	%
	Вкупно за тема: 03:15:45	100	%
Други прилози			
Влада	00:57:08	42.72	%
Специјално обвинителство	00:03:22	2.52	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:10:45	8.04	%
Експерти/аналитичари	00:04:06	3.07	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:12:50	9.60	%
ВМРО ДПМНЕ	00:06:39	4.97	%
Собрание	00:02:23	1.78	%
Други субјекти	00:12:48	9.57	%
Без субјекти	00:04:22	3.27	%
Јавно обвинителство	00:02:08	1.60	%
СДСМ	00:06:14	4.66	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:01:28	1.10	%
Граѓански сектор	00:07:18	5.46	%
Локална самоуправа	00:02:13	1.66	%
	Вкупно за тема: 02:13:44	100	%
	Вкупно: 05:29:29		

Покрај изборите, за другите настани од земјата, во Вестите на ТВ Алфа беа одвоени 2 часа 13 минути и 44 секунди, а беа насочени кон актуелните теми поврзани со продолжението на преговорите за предлог-законот за Јавното обвинителство, интензивирањето на епидемијата на морбили, протекувањето нови прислушкувани разговори - „бомби“ на Интернет, протестите на вработените во „Еурокомпозит“, но и за други актуелни теми посветени на економијата и земјоделието. За редовните активности на Владата беа одвоени 57 минути и 8 секунди, а претежно се однесуваа на прилози поврзани со добивањето датум за преговори со ЕУ, новите задолжувања на Владата, приватизирањето на здравството, со претежно критички и негативен став.

За директни обраќања на кандидатите Гордана Силјановска-Давкова и Стево Пендаровски беше одвоено приближно еднакво време и тоа 26 минути и 55 секунди за Силјановска, а 22 минути и 24 секунди за Пендаровски, додека за Блерим Река повторно беше одвоено помалку време - 8 минути и 37 секунди, што е последица на специфичноста на известувањето од неговата кампања и митинзи кои претежно беа пренесени преку соопштенија.

Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти

ТВ АЛФА

Избори	Траење	Процент	
Влада	00:19:20	14.53	%
Други субјекти	00:08:55	6.70	%
СДСМ	00:12:50	9.64	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:26:55	20.22	%
ВМРО ДПМНЕ	00:14:42	11.04	%
Стево Пендаровски	00:22:24	16.83	%
Блерим Река	00:08:37	6.47	%
Локална самоуправа	00:00:40	0.50	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:04:59	3.74	%
Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ)	00:00:28	0.35	%
Константин Георгиески (СДСМ)	00:00:28	0.35	%
Михаил Трендафилов - Нанче (ГДУ)	00:00:48	0.60	%
Стефче Стевоски (ДЕМОКРАТИ)	00:00:36	0.45	%

Џемаил Мена (БЕСА)	00:00:10	0.13	%
Експерти/аналитичари	00:05:20	4.01	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:01:56	1.45	%
Беса	00:01:00	0.75	%
ДИК и други органи	00:00:44	0.55	%
Специјално обвинителство	00:00:34	0.43	%
Граѓански сектор	00:01:40	1.25	%
	Вкупно: 02:13:06	**100**	**%**

Посебни информативни емисии

Интервјуа

Во периодот од 10 до 19 април во емисијата „Отворено“ (со репризa наредното утро), на тема претседателски избори во емисијата од 10 април беше поместено и преостанатото интервју со претседателските кандидати на ТВ Алфа т.е. она со кандидатката Гордана Силјановска-Давкова (интервјуата со другите двајца кандидати беа емитувани во првиот извештаен период).

Во емисијата од 16 април на тема „*Недостасува ли динамика во кампањата?“* беа направени интервјуа со експертите Ира Бабиќ и Александар Ристевски, а во емисијата од 19 април, непосредно пред почетокот на изборниот молк, беше интервјуиран и лидерот на опозициската ВМРО ДПМНЕ Христијан Мицкоски. Разговорот во поголем дел се однесуваше на претстојните претседателски избори.

Дебати

Во овој извештаен период, исто така во емисијата „Отворено“, емитувани беа три дебати стриктно посветени на претседателските избори.

Емисијата од 11 април кога гости беа експертите Трајко Славески и Павле Гацов, а дебатираа на теми поврзани со економијата („*Што може идниот претседател да направи во поглед на економијата?“*).

Во емисијата од 15 април гости во дебатата беа аналитичарите Арменд Мухиу и Зоран Јовановски, а говореа на темата „*Успеаја ли кандидатите да ги убедат неопределените?*“.

Новинарите Љубиша Николовски, Дарко Јаневски и Џелал Незири беа гости во емисијата од 18 април, а дебатираа во врска со претседателската кампања.

Други информативни емисии

Во десетдневниот период на анализата, на темата релевантна за овој извештаен период – претседателските избори, беше емитувано едно издание од актуелно-информативната емисија „Збор по збор“ (од 18 април), реализирана како контактна емисија со директно вклучување на гледачи што изнесуваат лични ставови за тековните општествено-политички теми, во која беше поставено прашањето *„Какви промени очекувате по изборите?“*.

Во политичкиот магазин „Седмица“, изведен во формат на ТВ колумна, авторот и уредник Коле Чашуле, коментаторски се осврнуваше на актуелните општествено-политички настани од изминатата седмица искажувајќи лични критички ставови, а еден дел од емисијата беше посветен и на претседателските избори, настапите и изјавите на кандидатите за претседател, и тоа во двете изданија на емисијата во анализираниот период од 12 и 19 април.

ТВ КАНАЛ 5

Дневно-информативни емисии

Примерок:

Вести во 18:00 часот и кратки вести насловени Денот во 5 минути (емитувани по 23:00 часот во работни денови, а во 22:00 часот за време на викенд).

Анализирани беа 20 изданија вести со вкупно времетраење на анализираните прилози од 3 часа 39 минути и 52 секунди, речиси сите дел од претежно информативните жанрови. Емитуван е еден новинарски осврт со траење од 4 минути и 20 секунди.

Начин на известување:

Половина од вкупното времетраење на анализираните прилози, или 1 час 55 минути и 25 секунди, во двете изданија вести на ТВ Канал 5 се однесува на известувањето за изборниот процес поврзан со Претседателските избори. И во вториот извештаен период од првиот круг од изборната кампања Телевизијата не известуваше за активностите на кандидатите за градоначалници на општините каде што, заедно со претседателските, се одржуваа и локални избори: Охрид, Ново Село и Дебар.

Известувајќи за активностите на тројцата кандидати што учествуваа во трката за претседател, ТВ Канал 5, во анализираните изданија вести, одвои приближно еднакво време за двајца од нив, **Стево Пендаровски (19 минути и 49 секунди)** и **Блерим Река (17 минути и 4 секунди)**. Нешто повеќе време во двете изданија вести е одвоено за активностите на кандидатката за претседателка **Гордана Силјановска-Давкова (26 минути и 5 секунди)**, што се должи пред сè на краткиот разговор со шефот на нејзиниот изборен штаб, Игор Јанушев, реализиран пред одржувањето на централниот митинг во Скопје, што методолошки е кодирано како дел од времето одвоено за Гордана Силјановска-Давкова. Составен дел од нејзиното време се и изјавите на претставник на нејзиниот изборен штаб (Горан Момировски), во поглед на одредени нерегуларности што изборниот штаб ги забележал кај еден од политичките опоненти. ТВ Канал 5 во рамки на централното издание вести од 18:00 часот, за секој од тројцата кандидати направи ТВ профил, притоа одвојувајќи за секој од нив приближно еднакво време за презентација, по околу девет и пол минути.

Временската застапеност на **СДСМ (9 минути)** и **ВМРО ДПМНЕ (6 минути и 14 секунди)** во темата Избори 2019, главно се должи на теренските активности на партиските лидери, како поддршка на двајцата претседателски кандидати, Стево Пендаровски и Гордана Силјановска-Давкова, искажана при активностите што ги имаа заедно со кандидатите. Во насока на поддршка на Стево Пендаровски, како консензуален кандидат за претседател, е и застапеноста на **ДУИ (1 минута и 39 секунди)** и **ДПА (38 секунди)** во податоците што се однесуваат на изборите (Табела 1).

Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови

ТВ Канал 5

Избори 2019	Траење	Процент	
ВМРО ДПМНЕ	00:06:14	5,40	%
СДСМ	00:09:00	7,80	%
Влада	00:05:01	4,35	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:26:05	22,60	%
Стево Пендаровски	00:19:49	17,17	%
Блерим Река	00:17:04	14,79	%
ДИК и други органи	00:06:33	5,68	%
Други субјекти	00:11:09	9,66	%
Судство	00:02:16	1,96	%
Граѓански сектор	00:03:22	2,92	%

ДПА - Демократска партија на Албанците	00:00:38	0,55	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:01:39	1,43	%
Без субјекти	00:00:17	0,25	%
Локална самоуправа	00:00:53	0,77	%
Експерти/аналитичари	00:05:06	4,42	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:00:19	0,27	%
Вкупно за тема:	**01:55:25**	100	%
Други прилози			
Влада	00:33:21	33,31	%
Јавно обвинителство	00:04:21	4,34	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:10:21	10,34	%
АРМ	00:00:14	0,23	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:15:39	15,63	%
Други субјекти	00:08:02	8,02	%
Експерти/аналитичари	00:02:14	2,23	%
Судство	00:04:25	4,41	%
Граѓански сектор	00:04:10	4,16	%
ВМРО ДПМНЕ	00:05:11	5,18	%
Претседател	00:01:38	1,63	%
СДСМ	00:04:06	4,10	%
Локална самоуправа	00:03:18	3,30	%
Без субјекти	00:02:35	2,58	%
Специјално обвинителство	00:00:32	0,53	%
Вкупно за тема:	**01:40:07**	100	%
	Вкупно: 03:35:32		

Нешто помалку од половина (околу 46%) од вкупното време на анализираните прилози во десетте дена од вториот извештаен период од изборната кампања, се однесува на настаните од земјава неповрзани со изборниот процес, што беа предмет на анализа. Медиумот продолжи да известува за преговорите околу Предлог-законот за Јавно обвинителство и иднината на СЈО, за можноста претседателот Иванов да ги помилува осудените за настаните од 27 април 2017 г., активностите поврзани со НАТО и ЕУ интеграциите, како и за работата на експертските меѓудржавни комисии со Грција и Бугарија околу ревизијата на учебниците, за сослушувањата на нарачателите на настаните од 27 април од страна на Јавното обвинителство и др.

Застапеноста на субјектот Влада во оваа категорија прилози со точно една третина (33 минути и 21 секунда) во вкупното време одвоено за нив, се должи на известувањата за редовните активности на владините претставници.

Медиумот емитуваше еден новинарски осврт (4 минути и 20 секунди) посветен на предизборните гафови на партиските претставници и на кандидатите за претседатели искажани на јавните настапи.

Времето одвоено за директните обраќања на тројцата претседателски кандидати и во вториот дел од изборната кампања ја следи временската застапеност од известувањата за нивните изборни активности. За Гордана Силјановска-Давкова се одвоени 17 минути и 5 секунди за директни обраќања (тука методолошки спаѓаат и обраќањата на двајцата претставници на нејзиниот изборен штаб), за Стево Пендаровски 13 минути и 30 секунди, а за Блерим Река се одвоени 5 минути и 34 секунди (Табела 2). Дел од емитуваните извештаи за изборните активности на Блерим Река се емитувани без директни обраќања на кандидатот, при што главните поенти од неговите излагања се дадени во прекажана форма.

Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти

ТВ Канал 5

Субјект	Траење	Процент	
Влада	00:15:19	18,14	%
ВМРО ДПМНЕ	00:05:35	6,61	%
ДИК и други органи	00:01:59	2,35	%
Други субјекти	00:02:39	3,14	%
Локална самоуправа	00:01:59	2,35	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:03:56	4,66	%
Стево Пендаровски	00:13:30	15,99	%
СДСМ	00:07:08	8,45	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:17:05	20,23	%
Експерти/аналитичари	00:03:54	4,62	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:02:10	2,57	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:00:29	0,57	%
Блерим Река	00:05:34	6,59	%
Граѓански сектор	00:01:54	2,25	%
Јавно обвинителство	00:01:16	1,50	%
	Вкупно: 01:24:27	100	%

Посебни информативни емисии

Дебати

На тема Избори 2019 година, во вториот извештаен период од изборната кампања, се емитувани шест дебатни соочувања, и овој пат сите реализирани во рамки на емисијата „Само вистина“. Гости во студиото на ТВ Канал 5 беа: универзитетскиот професор Оливер Андонов и поранешниот пратеник Абдулади Вејсели (11 април); Иванка Василевска од ВМРО ДПМНЕ и пратеникот од редовите на парламентарното мнозинство Павле Богоевски (15 април); Лидија Димова, директорка на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и универзитетскиот професор Александар Даштевски (16 април); политичките аналитичари Александар Пандов и Агим Јонуз (17 април); новинарот Зоран Иванов и политичкиот аналитичар Сотир Костов (18 април); и политичките аналитичари Газменд Ајдини и Владимир Божиновски (19 април).

Други информативни емисии

Во рамки на утринската програма „Здраво Македонијо“, во изданијата емитувани на 11, 12, 15, 17, 18 и 19 април, една од темите на којашто гледачите можеа да го изнесат својот став, беше поврзана со изборите.

Други емисии

Во рамки на забавната емисија „Еден на еден“, емитувана на 14 април, одделно гости беа двајцата претседателски кандидати, Гордана Силјановска-Давкова и Стево Пендаровски. Емисијата беше репризирана на 16 април, по полноќ. Разговор со Стево Пендаровски беше емитуван и во забавната емисија „Бекстејџ“ (17 април).

ТВ СИТЕЛ

Дневно-информативни емисии

Примерок:

Дневник 1 во 19:00 часот и Дневник 2 во 23:00 часот.

Анализирани беа 20 изданија вести со вкупно времетраење на анализираните прилози од 7 часа 5 минути и 41 секунда.

Начин на известување:

Повеќе од половина (55%) од вкупното времетраење на анализираните прилози во вториот извештаен период од првиот круг од изборната кампања (од 10 до 19 април) се информации поврзани со изборите. Известувањата за изборниот процес, во траење од 3 часа 53 минути и 31 секунда, се однесуваат пред сè на Претседателските избори, а за активностите на кандидатите за градоначалници на општините Охрид, Ново Село и Дебар, ТВ Сител не известуваше во посочените изданија вести и во вториот дел од кампањата.

Повеќе од половина од времето поврзано со изборите, беше одвоено за прилози за активностите на тројцата кандидати за претседател. Во десетте дена од извештајниов период, ТВ Сител, исто како и во првиот дел од кампањата, за двајца од тројцата претседателски кандидати одвои приближно еднакво време, за **Стево Пендаровски 57 минути и 35 секунди** и за **Гордана Силјановска Давкова 52 минути и 19 секунди**. Во нивните времиња методолошки влегуваат и кратките разговори со шефовите на нивните изборни штабови, Александар Кирацовски и Игор Јанушев, реализирани пред одржувањето на завршните митинзи на двајцата претседателски кандидати. Составен дел од издвоеното време за Гордана Силјановска-Давкова се и изјавите на претставникот на нејзиниот изборен штаб (Горан Момировски), во поглед на одредени нерегуларности што изборниот штаб ги забележал кај еден од политичките опоненти. За активностите на третиот претседателски кандидат, **Блерим Река**, во анализираните изданија вести на ТВ Сител, се одвоени вкупно **15 минути и 50 секунди**, што во споредба со времињата на другите двајца кандидати, е за три пати помалку од секој од нив. За теренските активности на двајцата партиски лидери, Зоран Заев и Христијан Мицкоски, како поддршка на нивните претседателските кандидати, но и за другите партиски активности поврзани со изборите, во анализираните изданија вести е издвоено: за **СДСМ – 21 минута и 7 секунди**, за **ВМРО ДПМНЕ – 25 минути и 11 секунди** (Табела 1).

Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови

ТВ Сител

Избори 2019	Траење	Процент	
Други субјекти	00:17:07	7,33	%
ВМРО ДПМНЕ	00:25:11	10,78	%
СДСМ	00:21:07	9,04	%
Локална самоуправа	00:01:51	0,79	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:52:19	22,40	%
Стево Пендаровски	00:57:35	24,66	%
Блерим Река	00:15:50	6,78	%
ДИК и други органи	00:08:02	3,44	%
Граѓански сектор	00:06:22	2,73	%
Влада	00:03:51	1,65	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:00:56	0,40	%
Експерти/аналитичари	00:19:11	8,21	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:01:04	0,46	%
Судство	00:01:28	0,63	%

Јавно обвинителство	00:01:37	0,69	%
	Вкупно за тема: 03:53:31	100	%
Други прилози			
ВМРО ДПМНЕ	00:17:01	8,86	%
Влада	00:49:23	25,70	%
Специјално обвинителство	00:01:35	0,82	%
Други субјекти	00:20:29	10,66	%
Јавно обвинителство	00:05:43	2,97	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:20:36	10,72	%
Без субјекти	00:04:10	2,17	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:35:09	18,29	%
СДСМ	00:09:02	4,70	%
Граѓански сектор	00:03:31	1,83	%
Локална самоуправа	00:02:10	1,13	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:01:27	0,75	%
Судство	00:01:55	1,00	%
Експерти/аналитичари	00:19:59	10,40	%
	Вкупно за тема: 03:12:10	100	%
	Вкупно: 07:05:41		

Вкупно 3 часа 12 минути и 10 секунди се одвоени за другите настани од земјава кои беа предмет на анализа во двете изданија вести. Медиумот продолжи да известува за преговорите околу Предлог-законот за Јавно обвинителство и иднината на СЈО, за можноста претседателот Иванов да ги помилува осудените за насилството во Собранието од 27 април 2017 година, активностите поврзани со НАТО и ЕУ интеграциите, а информираше и за работата на експертските комисии по потпишаните договори за добрососедство со Грција и Бугарија, говорот на омраза искажан од поглаварот на ИВЗ, за сослушувањата на нарачателите на настаните од 27 април од страна на Јавното обвинителство, економски теми и др. Во рамки на централното дневноинформативно издание (Дневник 1) од 16 април, беше емитуван краток разговор со амбасадорот на Република Франција во нашата земја, репризиран и во вестите од 23:00 часот.

Владата, поради известувањата за нејзините редовни активности, останува најприсутен субјект во методолошката категорија *„Други прилози“*, со застапеност од една четвртина во вкупното време посветено на овие прилози.

За двајца од тројцата претседателски кандидати е одвоено приближно еднакво време за директни обраќања и тоа: за Стево Пендаровски 27 минути и 40 секунди, а за Гордана Силјановска-Давкова 23 минути и 49 секунди. За директни обраќања на Блерим Река е одвоено помалку време, 6 минути и 50 секунди (Табела 2). Дел од емитуваните извештаи за изборните активности на Блерим Река и во вториот дел од изборната кампања беа без директни обраќања на кандидатот, неговите главни поенти од излагањата беа изнесени во прекажана форма.

Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти

ТВ Сител

Субјект	Траење	Процент	
Други субјекти	00:08:01	4,74	%
ВМРО ДПМНЕ	00:22:02	13,01	%
Локална самоуправа	00:00:50	0,49	%
Влада	00:18:07	10,70	%
Експерти/аналитичари	00:25:42	15,18	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:23:49	14,07	%
Стево Пендаровски	00:27:40	16,34	%
Блерим Река	00:06:50	4,04	%
СДСМ	00:09:20	5,51	%

ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:01:02	0,61	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:06:16	3,70	%
Граѓански сектор	00:02:39	1,57	%
ДИК и други органи	00:03:30	2,07	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:12:44	7,52	%
Јавно обвинителство	00:00:46	0,45	%
	Вкупно: 02:49:18	100	%

<u>Посебни информативни емисии</u>

Дебати

Во десетте дена од вториот дел од првиот круг од изборната кампања, на тема Избори 2019 година, во рамки на емисијата „Детектор“ од 14 април, беше емитувано едно дебатно соочување. Гости на програмата на ТВ Сител беа тројцата кандидати за претседател – Гордана Силјановска-Давкова, Блерим Река и Стево Пендаровски. Дебатата беше еднаш репризирана.

Други информативни емисии

Во рамки на утринската програма од 12 и 19 април, во контактно-информативниот дел насловен „На дневен ред“, темата на којашто гледачите можеа да го изнесат својот став беше поврзана со изборите.

ТЕЛМА

<u>Дневно-информативни емисии</u>

Примерок:

Вести/Дневници од 18:30 часот и од 21:30 часот, освен на 10 и на 14 април, кога се земени изданијата на ТВ Дневникот од 15:30 часот, поради преноси од квалификациски натпревари за Европското првенство во ракомет.

Анализирани се 20 изданија со вкупно времетраење на методолошки издвоените прилози од 6 часа и 12 минути. Од ова време, 3 часа 6 минути и 51 секунда се претежно информативни жанрови, а, за различни аспекти од изборниот процес, ТВ Телма емитуваше и неколку прилога со коментаторски и со репортажен приод, со вкупно траење од 12 минути и 21 секунда.

Начин на известување:

За последните десет дена од организираните облици кампања (митинзи/трибини/предизборни собири) од Претседателските избори 2019 година, ТВ Телма тековно и поопширно известуваше само во дневникот од 21 часот и 30 минути, додека во т.н. – централно, дневноинформативно издание од 18 часот и 30 минути се определи за аналитички приод, преку кој се осврна на содржината од изборната понуда што се пласираше пред потенцијалното гласачко тело, односно: издвои поенти од изборните платформи на тројцата претседателски кандидати; посочи примери од зачестената „заострена реторика“ од изборните собири; ги прикажа официјалните финансиски пресметки од досегашните трошоци за кампањата; потоа го презентираше односот (стратегија/реални ингеренции) на кандидатите кон горливите еколошки теми; а со новинарско/експертска анализа се осврна и на (не)соодветниот изборен однос на партиите на Албанците што ги поддржуваат Пендаровски и Река, наведувајќи индикатори дека водеа кампања по терк погоден за парламентарни избори, бидејќи беа фокусирани врз појавноста и врз авторитетот на партискиот лидер. Во оваа анализа на содржината на изборниот процес ТВ Телма функционално вглоби и репортажа за

амбиентот во населените места што се типични примери за „заборавени“ изборни единици со помалку од 10 регистрирани гласачи (за пример беа земени селата од скопската околија - Градовци и Говрлево).

Дел од изборната статистика на тема – „Избори 2019 година“, беа и прилозите (вести/извештаи) за приговорите што опозициската ВМРО ДПМНЕ ги поднесуваше до Државната комисија за спречување на корупцијата, а најчесто против владејачката СДСМ, но и против одредени министерства и против актуелни градоначалници, воопштено подведени како - злоупотребена (цитат): „*акумулација на функции во време на изборна кампања*“, со можно влијание врз гласачкото тело. Почитувајќи ја објективноста како критериум за новинарскиот професионализам, информативната редакција на ТВ Телма при ваквите случаи на - претпоставена предизборна корупција - обезбедуваше објективен медиумски пристап за ставовите/реакциите на сите засегнати страни, па оттаму во времето за темата „Избори 2019 година“ се јавува минутажата прибележена за Владата, за органи на државната управа (на пример: Државниот завод за ревизија), за локалната самоуправа и за надлежните судски инстанци. Информативната редакција редовно посочуваше доколку во дневната агенда на некој од претседателските кандидати не беа предвидени или беа одложени одредени изборни активности - најчесто во врска со Блерим Река, поддржан од Алијансата за Албанците и од Беса, кој изборните активности ги заврши на 18 април, со митинг во Тетово - еден ден порано од противкандидатите. Дополнително, треба да се напомене дека во новинарските извештаи за кампањата на Река, најчесто беа извлекувани политички поенти од неговите индивидуални настапи пред електоратот, а значително помалку од изборните настапи на неговите изборни придружници - лидерите на Алијансата за Албанците и на Беса; од друга страна, пак, Изборниот штаб на Река не беше инволвиран во полемиката и во контроверзите околу наводната изборна корупција за која меѓусебно се обвинуваа опозициската ВМРО ДПМНЕ и владејачкиот СДСМ, што исто така, беше бележена во вкупната статистика за изборниот процес.

Оттаму, според методолошки обработените податоци од 20-те анализирани изданија на ТВ Дневникот, резултатите од информирањето за претседателската кампања се следниве: за **Гордана Силјановска-Давкова** *(поединечно – 23 минути и 13 секунди)* **и за ВМРО ДПМНЕ** *(18 минути и 1 секунда)* **вкупно** се отстапени – **41 минута и 14 секунди**; за **Стево Пендаровски** *(поединечно – 26 минути и 38 секунди)*, **СДСМ** *(12 минути 29 секунди)* и **ДУИ** *(2 минути 21 секунда)*, **вкупно** се отстапени – **41 минута и 28 секунди**; за **Блерим Река** *(поединечно – 12 минути и 43 секунди)*, **Алијансата за Албанците** *(1 минута 45 секунди)* и **Беса** *(2 минути и 40 секунди)*, **вкупно** – **17 минути и 8 секунди** (Табела 1).

Локалните избори ретко се појавуваа во прилозите за изборите (2 часа 52 минути и 48 секунди) во дневноинформативните изданија.

Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови

ТВ ТЕЛМА

Избори 2019			
ДИК и други органи	00:20:39	11,95	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:23:13	13,44	%
Стево Пендаровски	00:26:38	15,41	%
Блерим Река	00:12:43	7,36	%
СДСМ	00:12:29	7,22	%
ВМРО ДПМНЕ	00:18:01	10,43	%
Други субјекти	00:23:18	13,48	%
Граѓански сектор	00:06:13	3,60	%
Без субјекти	00:01:28	0,85	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:02:21	1,36	%
Локална самоуправа	00:01:48	1,04	%
Експерти/аналитичари	00:00:54	0,52	%
Беса	00:02:40	1,54	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:01:25	0,82	%
Судство	00:10:02	5,81	%
Влада	00:04:42	2,72	%

Јавно обвинителство	00:01:26	0,83	%
Алијанса за Албанците	00:01:45	1,01	%
Хекуран Дука (ДУИ)	00:01:03	0,61	%
Вкупно за тема:	**02:52:48**	**100**	**%**
Други прилози			
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:24:39	13,19	%
Влада	00:53:27	28,61	%
ВМРО ДПМНЕ	00:05:28	2,93	%
СДСМ	00:04:39	2,49	%
Други субјекти	00:25:56	13,88	%
Специјално обвинителство	00:03:07	1,67	%
Експерти/аналитичари	00:02:59	1,60	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:27:54	14,93	%
Локална самоуправа	00:06:05	3,26	%
Собрание	00:01:33	0,83	%
Јавно обвинителство	00:06:17	3,36	%
Судство	00:12:04	6,46	%
Без субјекти	00:04:36	2,46	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:04:28	2,39	%
Претседател	00:00:40	0,36	%
Граѓански сектор	00:02:59	1,60	%
Вкупно за тема:	**03:06:51**	**100**	**%**
Вкупно:	**05:59:39**		

Спецификите на кампањите опишани погоре се огледуваат и кај директните обраќања (Табела 2).

Главната тема во десетдневниот период од 10 до 19 април 2014 година, медиумски прикажана како акутна преокупација на Владата беше – претстојниот извештај на ЕУ за потенцијалниот напредок на државата за отворање на пристапни преговори. Оттаму, низата прилози околу дипломатските навестувања за можните критични точки во овој процес, со посебен новинарски интерес за одговорите на Дамјан Манчевски, министерот за информатичко општество и администрација, основната државна инстанца за евроинтегративните заложби. Како комплементарен аспект од оваа тема беа третирани и повеќенеделните меѓупартиски преговори околу предлог-законот за Јавното обвинителство (а посебно проблематизирањето на статусот на Специјалното јавно обвинителство), во кои предничи сопернишството меѓу владејачката СДСМ и опозициската ВМРО ДПМНЕ. Во времето за Владата се вброени и минутите за стратешките политики/одлуки на Министерството за здравство околу сузбивањето на епидемијата од мали сипаници.

Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти

ТВ ТЕЛМА

Субјект	Траење	Процент	
Други субјекти	00:09:38	9,24	%
Локална самоуправа	00:01:14	1,18	%
Влада	00:22:42	21,77	%
Експерти/аналитичари	00:03:23	3,25	%
СДСМ	00:07:23	7,08	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:02:50	2,72	%
ВМРО ДПМНЕ	00:10:14	9,82	%
Стево Пендаровски	00:11:39	11,18	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:10:55	10,47	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:07:27	7,15	%
ДИК и други органи	00:03:13	3,09	%
Блерим Река	00:04:28	4,28	%

Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:01:14	1,18	%
Граѓански сектор	00:03:05	2,96	%
Беса	00:01:13	1,17	%
Јавно обвинителство	00:01:01	0,98	%
Судство	00:01:39	1,58	%
Алијанса за Албанците	00:00:36	0,58	%
Хекуран Дука (ДУИ)	00:00:21	0,34	%
	Вкупно: 01:44:15	**100**	**%**

Посебни информативни емисии

Интервјуа

На 15 април, преку едночасовно интервју, гостин во „Топ тема“ беше претседателскиот кандидат Стево Пендаровски, а својата изборна платформа ја соочи со прашања од новинарите: Снежана Лупевска-Созен, Маријан Николовски, Билјана Секуловска и Џелал Незири. Во прилог на објективноста – еднаков третман на сите претседателски кандидати - ист медиумски пристап ѝ бил понуден и на кандидатката Силјановска - Давкова, но таа не одговорила на понудата (*интервјуто со Блерим Река беше емитувано на 9 април 2019 година, а евидентирано е во Првиот извештај на АААВМУ*).

Дебати

На 10 април, „Топ тема“ беше фокусирана врз предизвиците со кои се соочува постојниот состав на Државната изборна комисија, во смисла на – новиот начин за финансирање на изборните кампањи, гласањето на дијаспората, ефикасното решавање изборни нерегуларности и брзината на објавувањето на изборните резултати. Гостуваа - Оливер Деркоски, актуелниот претседател на ДИК, и поранешните членови на Комисијата - Александар Новаковски и Субхи Јакупи. На 12 април, аналитичарите Сашо Клековски и Зоран Димитровски, но и Александар Кирацовски и Игор Јанушев, претседателите на изборните штабови на Пендаровски и на Силјановска-Давкова, во изданието на „Топ тема“ понудија анализа на резултати од истражување на јавното мислење, спроведено како соработка меѓу „Социетас цивилис“ и МЦМС - за можниот исход од претседателските избори. На 17 април, дебатна „Топ тема“ беше – атмосферата на изборни нерегуларности, креирана со злоупотреба т.н. „лажни вести“ и говор на омраза, а дебатираа: Џабир Дерала од НВО „Цивил“, Александар Јовановски од Хелсиншкиот комитет за човекови права, и Јасна Бачовска-Недиќ, професорка од Правниот факултет во Скопје. (Не)Квалитетот на мноштвото облици аудиовизуелна предизборна комуникација со потенцијалното гласачко тело беа основната дебатна тема за новинарот Бранко Героски и за политичкиот аналитичар Ибрахим Мехмети, во едночасовното издание на „Вин-Вин“ од 18 април.

КАБЕЛСКИ ТЕЛЕВИЗИИ

1 ТВ

Дневно-информативни емисии

Примерок:

Централен дневник, 20 часот и Вести на 1 ТВ во 23 часот.

Анализата опфати 20 изданија на дневно информативни емисии, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 6 часа 50 минути и 31 секунда.

Начин на известување:

За темите поврзани со Изборите 2019, беа издвоени вкупно 2 часа 49 минути и 11 секунди. Од нив, за локалните предвремени избори се говореше во еден прилог, во кој беа претставени кандидатите за градоначалник на Дебар - Хекуран Дука од ДУИ и Арбен Аголи од Алијанса за Албанците. Предвремените локални избори во општините Ново Село и Охрид не беа третирани.

Со досегашниот мониторинг на 1 ТВ, забележана е праксата на уредништвото на медиумот да реализира кратки интервјуа во рамките на Централниот дневник, во кои најчесто се обработуваат дневно – политички актуелни настани и теми. Во вторите десет дена од кампањата за Претседателските избори, емитувани се 6 интервјуа, од кои две се однесуваат на претседателските избори, додека другите обработуваат разни политички и општествени теми. Станува збор за интервјуата со Невена Георгиева од здружението „О2“ (14 април) во кое говореше за трибината на која гостувале тројцата претседателски кандидати и дебатирале за еколошките прашања во земјата; и Денис Елмани од иницијативата „ABAJA“ (15 април) кој говореше за целите на иницијативата за помасовен одѕив на изборите кај ромското население.

Како што беше констатирано и во извештајот за првите 9 дена од кампањата, и овој пат времето посветено на известувањето за кампањата за претседателските избори не е доволно обемно за да се извлечат методолошки засновани оценки за балансот во известувањето. Имено, за претставувањето на кандидатката **Гордана Силјановска - Давкова беа посветени 16 минути и 17 секунди, за кандидатот Стево Пендаровски 18 минути и 15 секунди, додека за кандидатот Блерим Река 13 минути и 49 секунди**.

Времето посветено на **ВМРО ДПМНЕ (10 минути и 12 секунди)** кое е поголемо од времето посветено на **СДСМ (4 минути и 18 секунди)**, е резултат на известувањата на медиумот за поднесените приговори од страна на ВМРО ДПМНЕ до Државната комисија за спречување корупција (ДКСК), за прекршувања на Изборниот законик како и на Законот за спречување на корупцијата. Дополнително, во прилозите кои се однесуваа на апелите до гласачите да излезат во поголем број на денот на гласањето, како субјекти се јавуваат претставници од партијата ВМРО ДПМНЕ и Владата преку изјавите на премиерот Зоран Заев и министерката Рената Дескоска (Табела 1).

По одлуката на Основниот суд Скопје 2 со која на 1 ТВ му беше дозволено да емитува платено политичко рекламирање, уредништвото на медиумот ја обработуваше оваа тема во прилози од вестите во кои се известуваше за реакцијата на ДИК по повод ваквата одлука на Судот и во кои беа понудени и толкувања на Изборниот законик по ова прашање.

Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови

1 ТВ

Избори 2019	Траење	Процент	
СДСМ	00:04:18	2.54	%
ВМРО ДПМНЕ	00:10:12	6.03	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:16:17	9.62	%
Стево Пендаровски	00:18:15	10.79	%
Блерим Река	00:13:49	8.17	%
Судство	00:05:16	3.11	%
ДИК и други органи	00:21:53	12.93	%
Други субјекти	00:22:12	13.12	%
Граѓански сектор	00:30:56	18.28	%
Локална самоуправа	00:01:14	0.73	%
Експерти/аналитичари	00:07:36	4.49	%
Влада	00:08:32	5.04	%
Јавно обвинителство	00:01:12	0.71	%
Без субјекти	00:02:54	1.71	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:01:28	0.87	%
Хекуран Дука (ДУИ)	00:00:57	0.56	%
Арбен Аголи (АА)	00:00:57	0.56	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:01:13	0.72	%
	Вкупно за тема: 02:49:11	**100**	**%**
Други прилози			
Влада	01:07:39	28.03	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:39:28	16.35	%
Специјално обвинителство	00:02:46	1.15	%
СДСМ	00:04:59	2.06	%
Јавно обвинителство	00:07:48	3.23	%
Други субјекти	00:16:20	6.77	%
Граѓански сектор	00:42:56	17.79	%
Судство	00:10:06	4.19	%
Без субјекти	00:01:41	0.70	%
Локална самоуправа	00:01:41	0.70	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:20:48	8.62	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:02:55	1.21	%
ВМРО ДПМНЕ	00:10:33	4.37	%
Претседател	00:02:43	1.13	%
Единствена Македонија	00:00:39	0.27	%
Експерти/аналитичари	00:08:18	3.44	%
	Вкупно за тема: 04:01:20	**100**	**%**
	Вкупно: 06:50:31		

Актуелните настани во земјата кои не беа поврзани со изборите во дневноинформативните содржини беа застапени со 4 часа 1 минута и 20 секунди. Најчесто обработуваните теми во овој дел од дневниците се однесуваа на: ратификувањето на Протоколот за прием во НАТО на земјава од страна на други држави, судските процеси поврзани со функционери како и судските процеси кои потекнуваат од истрагите на СЈО, барањата за амнестија од осудените за собраниските инциденти упатени до претседателот Ѓорѓе Иванов, евроинтеграциските процеси на земјата, реформите во судството, реакции на невладините организации за реформите и „протечените“ прислушувани разговори кои се предмет на истрага на СЈО.

За редовните активности на Владата, во дневноинформативните содржини кои не беа поврзани со изборите, беа издвоени 1 час 7 минути и 39 секунди.

Во посоченото издвоено време за активностите на Владата, вклучено е гостувањето на министерот за здравство Венко Филипче во Централниот дневник (16 април), во кое говореше за прогласувањето на епидемија на морбили на национално ниво.

Во поглед на директните обраќања во анализираните прилози, најмногу време е посветено на директни обраќања на претставници на граѓанскиот сектор (40 минути и 15 секунди), што се должи на интервјуата реализирани во рамките на Централниот дневник со претставници на здруженијата „Зелена лупа“, „О2“, „АВАЈА“ и Институтот за европски политики, со кои се разговараше на повеќе политички и општествени теми. Значително време во дневноинформативните содржини беше посветено и на директните обраќања на претставници на Владата (30 минути и 47 секунди) односно на министрите, премиерот Зоран Заев како и на претставници на МВР. За директните обраќања на кандидатите Гордана Силјановска - Давкова (8 минути и 4 секунди) и Стево Пендаровски (8 минути и 36 секунди) е издвоено приближно еднакво време, додека директните обраќања на кандидатот Блерим Река се застапени со помало времетраење – 4 минути и 26 секунди (Табела 2). Времето посветено за директните обраќања на претставници од партијата ВМРО ДПМНЕ е резултат на прилозите со ставови, критики, реакции на партијата кон власта во врска со одредени актуелни општествено-политички случувања во коишто, како друга страна, се појавуваат претставници на Владата, претставници на органите на државна управа, претставници на Собранието од актуелните партии на власт (СДСМ и ДУИ).

Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти

1 ТВ

Субјект	Траење	Процент	
Влада	00:30:47	20.07	%
Граѓански сектор	00:40:15	26.24	%
Други субјекти	00:09:53	6.44	%
ВМРО ДПМНЕ	00:07:34	4.93	%
Локална самоуправа	00:01:52	1.22	%
Блерим Река	00:04:26	2.89	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:08:04	5.26	%
Стево Пендаровски	00:08:36	5.61	%
СДСМ	00:04:32	2.96	%
Експерти/аналитичари	00:08:35	5.60	%
Јавно обвинителство	00:02:54	1.89	%
Судство	00:00:27	0.29	%
ДИК и други органи	00:03:34	2.33	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:16:06	10.50	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:01:46	1.15	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:02:30	1.63	%
Хекуран Дука (ДУИ)	00:00:42	0.46	%
Арбен Аголи (АА)	00:00:49	0.53	%
	Вкупно: 02:33:22	**100**	**%**

Посебни информативни емисии

Интервјуа

Во текот на анализираниот период, во рамки на информативната целина „Отворено студио 1“ беа реализирани и емитувани осум интервјуа во кои претседателските избори се провлекуваа како тема на разговор. Гостите во интервјуата беа од различни профили и општествени области, поточно се разговараше со: Ило Трајковски – универзитетски професор (10 април), аналитичарот Ибрахим Мехмети (10 април), Софка Пејовска - Дојчиновска – членка на ДКСК (12 април), Александар Цветковски од организацијата „АКТИС“ (15 април), Лазар Лазаров – универзитетски професор (16 април), Дарко Алексов од организацијата за следење на изборните процеси „МОСТ“ (19 април). На 19 април исто така, беше емитувано и двојно интервју со двајцата кандидати за градоначалник на Дебар – Хекуран Дука од ДУИ и

Арбен Аголи од Алијанса за Албанците. Премиерните изданија на интервјуата, потоа во неколку наврати беа репризно емитувани, во нивните оригинални или скратени верзии.

Дебати

Во рамки на тематската целина „Отворено студио 1“ во вторите десет дена од кампањата за претседателските избори, беа реализирани три дебатни емисии. На 12 април беше емитувана дебатна емисија во која во улога на аналитичари/експерти гостуваа Никола Спасов, Анѓелка Пеева - Лауренчиќ и Петар Арсовски, со свои анализи на предизборната кампања. На 18 мај беше организирана дебата со уредниците на медиумот - Ацо Кабранов и Гордана Дувњак, и со директорката Јасна Ерцеговиќ. Тема на дискусија беше правниот спор на 1 ТВ со ДИК околу платеното политичко рекламирање. Истиот ден, беше емитуван и разговор со аналитичарите Мерсел Биљали и Љатифи Шпетим, кои изнесоа свои анализи за албанското гласачко тело во земјата.

Други информативни емисии

Како што може да се забележи и во претходните извештаи, тематската целина „Отворено студио 1“ опфаќа информативен дел наречен „Граѓански форум“, кој е наменет за телефонските јавувања на гледачите кои на ваков начин имаат можност да ги искажат своите ставови на различни општествени и политички теми. Така, на 18 април беше реализирана дебата со гледачите, насловена: *„Како се чувствувате?“*, во која гледачите спонтано како тема за дискусија говореа за Претседателските избори.

Исто така, во рамките на „Отворено студио 1“, често беа опфатени вклучувања во живо од различни локации и настани кои се актуелни во тековниот ден. Во анализираниот период беа остварени директни вклучувања од прес – конференции на ДКСК, во врска со приговорите поднесени од страна на ВМРО ДПМНЕ за прекршувањата на Изборниот законик и Законот за спречување на корупција.

ТВ 21 -М

<u>Дневно-информативни емисии</u>

Примерок:

Дневник 1 во 18:30 часот и Дневник 2 (во работни денови во 23:00, а за викенд во 22:00 часот).

Во 20-те изданија на вестите, анализирани се прилози со вкупно траење од 5 часа 2 минути и 45 секунди, од кои 4 часа 58 минути и 55 секунди се обработени во некој од претежно-информативните жанрови, а 3 минути и 50 секунди се вообличени како осврт.

Начин на известување:

Во периодот од 10 до 19 април 2019 година, од вкупното времетраење на анализираните прилози во двете изданија вести на ТВ 21 М, за изборниот процес се одвоени 2 часа 4 минути и 38 секунди.

Распоредот на времето (Табела 1) покажува дека ТВ 21 М интензивно ја следеше изборната кампања на претседателските кандидати и одвоеното време меѓу кандидатите изгледа вака: **Блерим Река - 23 минути и 7 секунди**, **Гордана Силјановска-Давкова - 20 минути и 16 секунди** и **Стево Пендаровски - 18 минути и 21 секунди.** Во информативните прилози известувањето на медиумот беше непристрасно.

Во двете анализирани изданија вести застапеноста на политичките партии се должи на партиските активности во поддршка на претседателските кандидати т.е. нивното учество на митинзите. Одвоеното време за **СДСМ (10 минути и 4 секунди), ДУИ (5 минути и 21 секунда) и Алтернатива (34 секунди)** одат на контото на **Пендаровски,** за чија кампања се известувало во вкупно **32 минути и 20 секунди**. Времето за **ВМРО ДПМНЕ (10 минути 9 секунди)** се приклучува кон она на Силјановска – Давкова која добива **30 минути и 25 секунди**. Времето за **Алијанса за Албанците (1 минута и 24 секунди)** и за **Беса (1 минута и 22 секунди)** е поддршка за Блерим Река, чија застапеност така достигнува **25 минути и 53 секунди**.

На 16 април 2019 година, медиумот аналитички се осврна на темата *„16-ти ден кампања за претседателски избори – Иронизација од лидерите на партиските собири“*, оттаму и времето од 3 минути и 50 секунди за категоријата - коментари и осврти.

Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови

ТВ 21 – М

Избори 2019			
ДИК и други органи	00:17:53	14.35	%
Блерим Река	00:23:07	18.55	%
Стево Пендаровски	00:18:21	14.72	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:20:16	16.26	%
ВМРО ДПМНЕ	00:10:09	8.14	%
Експерти/аналитичари	00:04:19	3.46	%
СДСМ	00:10:04	8.08	%
Без субјекти	00:03:36	2.89	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:05:21	4.29	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:02:21	1.89	%
Алтернатива	00:00:34	0.45	%
Беса	00:01:22	1.10	%
Алијанса за Албанците	00:01:24	1.12	%
Влада	00:03:35	2.88	%
Други субјекти	00:02:16	1.82	%
	Вкупно за тема: 02:04:38	**100**	**%**
Други прилози			
Влада	00:48:41	27.93	%
СДСМ	00:06:29	3.72	%
Други субјекти	00:30:25	17.45	%
Јавно обвинителство	00:04:23	2.52	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:20:05	11.52	%
Локална самоуправа	00:07:23	4.24	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:13:52	7.96	%
Без субјекти	00:05:43	3.28	%
Граѓански сектор	00:13:22	7.67	%
Претседател	00:01:36	0.92	%
ВМРО ДПМНЕ	00:09:41	5.56	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:06:42	3.84	%
Беса	00:02:13	1.27	%
Судство	00:02:56	1.68	%
Алијанса за Албанците	00:00:46	0.44	%
	Вкупно: 02:54:17	**100**	%
	Вкупно: 04:58:55		

Во категоријата *„Други прилози“* најзастапен субјект е Владата на РСМ за чиишто активности се одвоени **48 минути и 41 секунди**. Застапеноста на Владата ја чинат прилозите поврзани со иднината на СЈО, активности на министерствата и нејзините претставници за почетокот на преговорите со ЕУ. Што се однесува на информациите поврзани со другите случувања во земјата, во оваа категорија медиумот најчесто известуваше за: тековните судски процеси, изјавите на меѓународни организации и странски политичари во врска со изборниот процес и почетокот на преговорите со ЕУ.

Во однос на директните обраќања, најмногу време е одвоено за Владата на РСМ - **14 минути и 23 секунди**, поради бројните активности на министерствата и нивните претставници.

Времето одвоено за директните обраќања на тројцата претседателски кандидати е приближно еднакво: за **Блерим Река - 10 минути и 18 секунди**, за **Гордана Силјановска-Давкова** - **7 минути и 16**

секунди и за **Стево Пендаровски - 7 минути.** Времето одвоено за директните обраќања на политичките партии се должи на нивното учество на митинзите во поддршка на претседателските кандидати. (Табела 2).

Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти

ТВ 21 – М

Субјект	Траење	Процент	
Други субјекти	00:12:50	14.04	%
Локална самоуправа	00:01:33	1.70	%
ВМРО ДПМНЕ	00:06:36	7.22	%
Влада	00:14:23	15.73	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:07:16	7.95	%
Блерим Река	00:10:18	11.27	%
Стево Пендаровски	00:07:00	7.66	%
Алијанса за Албанците	00:00:48	0.87	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:07:43	8.44	%
СДСМ	00:06:11	6.76	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:05:40	6.20	%
Алтернатива	00:00:22	0.40	%
Беса	00:00:29	0.53	%
Граѓански сектор	00:03:59	4.36	%
ДИК и други органи	00:02:18	2.52	%
Експерти/аналитичари	00:02:20	2.55	%
Јавно обвинителство	00:00:37	0.67	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:01:03	1.15	%
	Вкупно: 01:31:26	**100**	**%**

Посебни информативни емисии

Интервјуа

Во извештајниот период беа емитувани 5 интервјуа. На теми поврзани со Претседателските избори 2019 година, реализирани се 4 интервјуа со: Гордана Силјановска-Давкова - кандидатка за претседателка (14 април во "Неделно интервју на Радио Слободна Европа"), Александар Кржаловски - Македонски центар за меѓународна соработка (17 април во емисијата „10 минути"), Зијадин Села - претседател на Алијанса за Албанците (17 април во "Клик Плус"'), Али Ахмети - претседател на ДУИ (18 април во "Клик Плус"').

Дебати

Во рамки на емисијата „КликПлус" на тема Претседателските избори 2019 реализирани беа 5 дебати. Дебатираа: Невзат Бејта - ДУИ, Скендер Реџепи - Алтернатива, Елми Азири - Алијанса за Албанците, Аријанит Хоџа - БЕСА (10 април); Лукреција Маљковиќ-Атанасовска - експертка за протокол, Татјана Лопарски и Гоце Пачемски - ПР експерти (11 април); Зоран Заев - претседател на СДСМ, Анита Латифи, Алберт Муслиу и Арбен Раткоцери - аналитичари (15 април); Христијан Мицкоски - претседател на ВМРО-ДПМНЕ, Анита Латифи, Алберт Муслиу и Арбен Раткоцери - аналитичари (16 април); Гордана Силјановска-Давкова, Стево Пендаровски и Блерим Река - претседателски кандидати (19 април).

КЛАН МАКЕДОНИЈА

Дневно-информативни емисии

Примерок:

Вести во 18:30 часот и во 23:30.

Анализирани се 20 изданија со вкупно времетраење на анализираните прилози од 4 часа 31 минута и 4 секунди, речиси целото вообличено во некој од претежно информативните жанрови, а за осврти се издвоени 5 минути и 38 секунди.

Начин на известување:

Во периодот од 10 до 19 април 2019 година, вкупното времетраење на анализираните прилози во двете изданија вести за изборниот процес за претседателската и локалната изборна кампања изнесува 2 часа 47 минути и 43 секунди.

За известувањето за активностите од изборните кампањи на претседателските кандидати поединечно има издвоено приближно исто време. За **Стево Пендаровски 23 минути и 3 секунди**, за **Гордана Силјановска-Давкова 22 минути и 57 секунди**, а за **Блерим Река 21 минута и 7 секунди**. Застапеноста на политичките партии во методолошката категорија Избори 2019, се должи на партиските активности во поддршка на претседателските кандидати т.е. нивното учество на митинзите. Најмногу време е издвоено за **ВМРО ДПМНЕ (17 минути и 57секунди**) кое оди во поддршка на Гордана Силјановска-Давкова – **вкупно 40 минути и 54 секунди**. На Стево Пендаровски се однесува времето на **ДУИ (12 минути и 15 секунди), на СДСМ (6 минути и 50 секунди), на Алтернатива (2 минути и 7 секунди) и на ДПА (54 секунди**), со што овој кандидат добива вкупно **45 минути и 9 секунди**. Времињата за **Алијанса за Албанците и за Беса (двете по 5 минути и 12 секунди)** одат на контото на Блерим Река – **вкупно 31 минута и 31 секунда**. Известувањето на медиумот беше неутрално.

ТВ Клан Македонија, во мал обем, известуваше и за локални избори. За тројцата кандидати за градоначалник на Охрид **Константин Георгиески** (СДСМ), **Митре Милошевски** (ВМРО ДПМНЕ) и **Џемаил Мена** (БЕСА) беше издвоено исто време, по **2 минути и 22 секунди.** Исто така, и за кандидатите за градоначалник на Ново Село, **Никола Андонов** (СДСМ) и **Николчо Стоилков** (ВМРО ДПМНЕ) беше издвоено исто време, по **2 минути и 54 секунди** (Табела 1).

На 16 април 2019 година, медиумот аналитички се осврна на темата „Заострена реторика на партиите за време на кампањата“, оттаму и времето од 5 минути и 38 секунди за категоријата - коментари и ставови.

Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови

ТВ Клан Македонија

Избори 2019			
ВМРО ДПМНЕ	00:17:57	10.70	%
СДСМ	00:06:50	4.07	%
Влада	00:04:42	2.80	%
ДИК и други органи	00:13:53	8.28	%
Други субјекти	00:01:48	1.07	%
Блерим Река	00:21:07	12.59	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:22:57	13.68	%
Стево Пендаровски	00:23:03	13.74	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:12:15	7.30	%
Без субјекти	00:05:16	3.14	%
Никола Андонов (СДСМ)	00:02:54	1.73	%

Николчо Стоилков (ВМРО ДПМНЕ)	00:02:54	1.73	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:05:04	3.02	%
Алијанса за Албанците	00:05:12	3.10	%
Беса	00:05:12	3.10	%
Алтернатива	00:02:07	1.26	%
Граѓански сектор	00:01:12	0.72	%
Константин Георгиески (СДСМ)	00:02:22	1.41	%
Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ)	00:02:22	1.41	%
Џемаил Мена (БЕСА)	00:02:22	1.41	%
ДПА - Демократска партија на Албанците	00:00:54	0.54	%
Експерти/аналитичари	00:05:20	3.18	%
	Вкупно: 02:47:43	**100**	%
Други прилози			
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:11:41	11.96	%
Локална самоуправа	00:07:02	7.20	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:06:54	7.06	%
Влада	00:24:16	24.83	%
Граѓански сектор	00:05:08	5.25	%
СДСМ	00:07:36	7.78	%
ВМРО ДПМНЕ	00:09:20	9.55	%
Судство	00:03:25	3.50	%
Специјално обвинителство	00:02:02	2.08	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:06:20	6.48	%
Други субјекти	00:13:59	14.31	%
	Вкупно: 01:37:43	**100**	**%**
	Вкупно: 04:25:26		

Што се однесува до информациите за актуелните настани од земјата, ТВ Клан Македонија издвои 1 час 37 минути и 43 секунди. Се известуваше за: иднината на СЈО во контекст на преговорите околу текстот на предлог-законот за јавно обвинителство, изјавите на меѓународни организации и странски политичари во врска со можноста за почетокот на преговорите за членство на Република Северна Македонија во ЕУ, прогласувањето епидемија на морбили на целата територија на земјата, новости од актуелните судски рочишта, активности на Државната комисија за спречување корупција.

Застапеноста на Владата во темата други прилози, се должи на известувањата за нејзините редовни активности.

Во однос на директните обраќања, најзастапен субјект е Владата, потоа претседателските кандидати и партиите кои ги подржуваа кандидатите. За директните обраќања на тројцата претседателски кандидати, медиумот издвои приближно исто време. За **Стево Пендаровски 9 минути и 4 секунди**, за **Блерим Река 8 минути и 58 секунди**, и за **Гордана Силјановска-Давкова 8 минути 27 секунди**. Кај кандидатите за градоначалник на Охрид, за **Константин Георгиески** (СДСМ), **Митре Милошевски** (ВМРО ДПМНЕ) и **Џемаил Мена** (БЕСА) беше издвоено исто време, а за кандидатот за градоначалник на Ново Село, **Никола Андонов** (СДСМ) 1 минута и 26 секунди (Табела 2).

Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти

ТВ Клан Македонија

Субјект	Траење	Процент	
ВМРО ДПМНЕ	00:09:43	10.70	%
Влада	00:07:48	8.59	%
Локална самоуправа	00:03:36	3.97	%
Блерим Река	00:08:58	9.88	%

Алијанса за Албанците	00:02:16	2.50	%
Беса	00:02:26	2.68	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:08:27	9.31	%
Стево Пендаровски	00:09:04	9.99	%
СДСМ	00:07:16	8.00	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:10:03	11.07	%
Граѓански сектор	00:03:18	3.64	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:03:16	3.60	%
ДИК и други органи	00:01:40	1.84	%
Експерти/аналитичари	00:02:02	2.24	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:01:48	1.98	%
Други субјекти	00:03:10	3.49	%
Константин Георгиески (СДСМ)	00:00:48	0.88	%
Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ)	00:00:46	0.84	%
Џемаил Мена (БЕСА)	00:00:46	0.84	%
Никола Андонов (СДСМ)	00:01:26	1.58	%
Алтернатива	00:01:24	1.54	%
ДПА - Демократска партија на Албанците	00:00:46	0.84	%
	Вкупно: 01:30:47	**100**	%

Посебни информативни емисии

Интервјуа

Во емисијата „Профил“ беа емитувани интервјуа со сите претседателски кандидати: со Блерим Река (15 април), Гордана Силјановска-Давкова (16 април) и Стево Пендаровски (17 април).

Дебати

Во овој извештаен период емитувани се 2 дебати. Една во емисијата „Клан дебат“ и другата во „Уметност и финансирање“.

На темата Претседателските избори 2019 година, во емисијата „Клан дебат“ дебатираа: Насер Зибери - аналитичар, Субхи Јакупи - поранешен член на ДИК и Шпетим Латифи - универзитетски професор (11 април).

Гости во програмата на ТВ Клан Македонија во дебатната емисија „Уметност и финансирање“ на 10 април, беа кандидатите за градоначалник на Дебар - Хекуран Дука (ДУИ) и Арбен Аголи (Алијанса за Албанците.

Други информативни емисии

Во 2 изданија на информативната емисија „99 минути“, имаше интервјуа поврзани со Претседателските избори 2019 година. На 16 април со Исак Шерифи - аналитичар, а на 19 април беа емитувани интервјуа со тројцата претседателски кандидати - Блерим Река, Гордана Силјановска-Давкова и Стево Пендаровски (станува збор за интервјуата реализирани на 15, 16 и 17 април во емисијата „Профил“).

ТВ СОНЦЕ

Дневно-информативни емисии

Примерок:

Вести во 18 часот и во 22 часот.

Анализирани се 20 изданија со вкупно времетраење на анализираните прилози од 4 часа 43 минути и 41 секунда.

Начин на известување:

Вкупно 1 час 54 минути и 21 секунда беа издвоени за информации поврзани со претседателските и локалните избори, што е речиси еден час помалку од времето кое што беше издвоено за актуелните информации. Само четири прилози се однесуваа на предвремените локални избори, два за Митре Милошески и два за Константин Георгиевски, кандидати за градоначалници на Охрид.

ТВ Сонце обезбеди баланс кога станува збор за известувањето за тројцата кандидати за Претседател на Република Северна Македонија. За активностите на **Гордана Силјановска-Давкова,** на **Стево Пендаровски** и на **Блерим Река** беа издвоени **по 22 минути и 32 секунди** (Табела 1).

Повторно специфичност за известувањето во Вестите на ТВ Сонце беше застапеноста на писмените реакции на партијата **Македонска алијанса**, односно на нејзиниот претседател Ѓорѓија Џорџ Атанасоски (сопственик на ТВ Сонце) за кои беше издвоено **16 минути и 11 секунди** од вкупното време за известување за изборите и **31 минути и 20 секунди** во другите прилози од вестите (**вкупно 47 минути и 31 секунда**). Во овој извештаен период, радиодифузерот ги пренесуваше само ставовите на Македонска алијанса и на ВМРО ДПМНЕ (5 минути и 36 секунди). Другите политички партии воопшто не беа застапени во вестите.

Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови

ТВ СОНЦЕ

Избори 2019	Траење	Процент	
Гордана Силјановска-Давкова	00:22:37	19,78	%
Стево Пендаровски	00:22:37	19,78	%
Блерим Река	00:22:37	19,78	%
Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ)	00:02:02	1,78	%
Константин Георгиески (СДСМ)	00:02:02	1,78	%
ВМРО ДПМНЕ	00:05:36	4,90	%
ДИК и други органи	00:13:50	12,10	%
Македонска алијанса	00:16:11	14,15	%
Влада	00:05:06	4,46	%
Други субјекти	00:01:43	1,50	%
Вкупно за тема:	**01:54:21**	**100**	**%**
Други прилози			
Влада	00:42:59	25,38	%
Граѓански сектор	00:05:22	3,17	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:29:44	17,56	%
Други субјекти	00:18:28	10,91	%
Судство	00:11:23	6,72	%
Специјално обвинителство	00:06:14	3,68	%
Македонска алијанса	00:31:20	18,50	%
Јавно обвинителство	00:03:21	1,98	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:14:12	8,39	%

ВМРО ДПМНЕ	00:03:23	2,00	%
Локална самоуправа	00:02:54	1,71	%
	Вкупно за тема: 02:49:20	**100**	**%**
	Вкупно: 04:43:41		

Во вестите, 2 часа 49 минути и 20 секунди беа посветени на известување за актуелните настани од земјата и најчести беа следните теми: активности на Владата, можното помилување на осудените за „27 април“ од страна на Ѓорге Иванов, разни судски рочишта, доставените приговори до ДКСК за прекршување на Изборниот законик и Законот за спречување на корупција, обвинувања и критики од ВМРО ДПМНЕ за работата на Владата, преговорите околу предлог-законот за јавното обвинителство (за позицијата на СЈО).

Што се однесува до директните обраќања на претседателските кандидати, Блерим Река имаше само две директни обраќања, во траење од 40 секунди, додека за Гордана Силјановска-Давкова беа одвоени 16 минути и 30 секунди, а за Стево Пендаровски - 15 минути и 18 секунди. Кандидатите за градоначалници немаа ниту едно директно обраќање. И во овој извештаен период, најмногу време за директни обраќања имаше за претставниците на Владата - 20 минути и 16 секунди. (Табела 2).

Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти

ТВ СОНЦЕ

Субјект	Траење	Процент	
Влада	00:20:16	30,07	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:16:30	24,48	%
Стево Пендаровски	00:15:18	22,70	%
Локална самоуправа	00:01:26	2,13	%
ВМРО ДПМНЕ	00:09:24	13,95	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:02:30	3,71	%
ДИК и други органи	00:01:20	1,98	%
Блерим Река	00:00:40	0,99	%
	Вкупно: 01:07:24	**100**	

Посебни информативни емисии

Интервјуа

На 10 април беа емитувани две репризи на интервјуто со Александар Николовски од ВМРО ДПМНЕ, во кое тој зборува за Преспанскиот договор, кампањите на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ за претседателските избори, како и за кандидатката за претседателка на државата поддржана од ВМРО ДПМНЕ - Гордана Силјановска Давкова. И на 12 и на 13 април беше емитувана по една реприза на ова интервју.

На 10 април беше емитувано интервју и со новинарот Бранко Геровски, во кое, меѓу другото, тој зборува и за претседателските избори, изборот на кандидатите, кампањите и претставувањата на кандидатите за претседател. На 11 април имаше две репризи на ова интервју.

Други информативни емисии

На 15 април, темата на емисијата „Јади бурек“ беше: *„Што би ги прашале претседателските кандидати?“* Водителот вклучуваше гледачи и тие коментираа на темата. На 16 април беа емитувани две репризни изданија на оваа емисија.

ТВ ШЕЊА

Дневно-информативни емисии

Примерок:

Вести во 18:55 часот и Вести во 21:55.

Анализирани се 18 изданија на Вестите со вкупно времетраење на анализираните прилози од 4 часа 53 минути и 34 секунди (за викенд ТВ Шења не емитуваше второ издание на вести).

Начин на известување:

Овој извештај се однесува на периодот од 10 до 19 април 2019 година, во кој, за известување од активностите во кампањите медиумот издвои 1 час 53 минути и 15 секунди. Ова време ги опфаќа прилозите во кои се даваат информации за митинзите на претседателските кандидати и партиите кои ги подржуваат, изјави на меѓународни организации/странски политичари во врска со изборниот процес, Владата на РСМ, активностите на ДИК и Антикорупциска комисија во врска со изборниот процес.

За претседателските кандидати и нивните активности, најмногу време е одвоено за **Стево Пендаровски - 27 минути и 30 секунди**, потоа за **Гордана Силјановска-Давкова - 18 минути и 34 секунди,** а за кандидатот **Блерим Река** беа одвоени **14 минути и 57 секунди** (Табела 1). За нивните активности во кампањата известувањето на медиумот беше непристрасно. Дел од митинзите беа и политичките партии како поддржувачи на кандидатите и тоа **ВМРО ДПМНЕ (4 минути и 20 секунди), ДУИ (2 минути и 39 секунди) и Алтернатива (1 минута и 21 секунда)**.

На информации за предвремените локални избори беше посветен само еден прилог и тоа само за Дебар.

Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови

ТВ Шења

Избори 2019	Траење	Процент	
Стево Пендаровски	00:27:30	24.28	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:18:34	16.39	%
Блерим Река	00:14:57	13.20	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:07:35	6.70	%
ДИК и други органи	00:17:12	15.19	%
Влада	00:12:57	11.43	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:01:42	1.50	%
Други субјекти	00:04:28	3.94	%
ВМРО ДПМНЕ	00:04:20	3.83	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:02:39	2.34	%
Алтернатива	00:01:21	1.19	%
	Вкупно за тема: 01:53:15	**100**	%
Други прилози			
СДСМ	00:10:01	5.56	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:37:51	20.99	%
Судство	00:08:59	4.98	%
Влада	00:59:34	33.03	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:17:22	9.63	%
Други субјекти	00:27:41	15.35	%
Јавно обвинителство	00:03:45	2.08	%

Алтернатива	00:00:31	0.29	%
ВМРО ДПМНЕ	00:08:50	4.90	%
Без субјекти	00:01:33	0.86	%
Локална самоуправа	00:04:12	2.33	%
	Вкупно: 03:00:19	**100**	**%**
	Вкупно: 04:53:34		

Што се однесува до информациите за актуелните настани од земјата, ТВ Шења за нив издвои 3 часа и 19 секунди. Во овој дел се известуваше за следниве теми: предлог-законот за Јавно обвинителство и иднината на Специјалното јавно обвинителство, судски рочишта, активностите на Државната комисија за спречување на корупцијата, неизвесноста околу добивањето датум за отпочнување преговори на Република Северна Македонија со ЕУ.

Прилозите за активностите на Владата (59 минути и 34 секунди) ги опфаќаа следните теми: средба на премиерот Зоран Заев со премиерот на Република Чешка, официјалната посета на министрите за надворешни работи Никола Димитров и за европски прашања Бујар Османи во Берлин, средбата помеѓу министерот за финансии Драган Тевдовски и потпретседателот на Европската инвестициска банка, потпишувањето Програма за културна соработка со Црна Гора, иднината на Специјалното јавно обвинителство и друго.

Во однос на директните обраќања, најзастапен субјект е Владата (20 минути и 57 секунди) поради бројните активности на нејзините претставници.

За директни обраќања на претседателските кандидати беа одвоени мали минутажи: за **Стево Пендаровски 9 минути и 34 секунди**, за **Гордана Силјановска-Давкова 6 минути и 39 секунди и за Блерим Река 2 минути и 11 секунди** (Табела 2).

Медиумот со снимки од митинзи и тонски записи од директни обраќања на претседателските кандидати известуваше во вестите во 18:55, а истите прилози без директни обраќања беа репризирани во вестите во 21:55.

Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти

ТВ Шења

Субјект	Траење	Процент	
Локална самоуправа	00:01:58	2.81	%
Други субјекти	00:04:16	6.11	%
Влада	00:20:57	29.99	%
Стево Пендаровски	00:09:34	13.69	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:06:39	9.52	%
Блерим Река	00:02:11	3.13	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:06:23	9.14	%
СДСМ	00:03:40	5.25	%
ВМРО ДПМНЕ	00:03:12	4.58	%
ДИК и други органи	00:03:14	4.63	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:03:22	4.82	%
Без субјекти	00:01:22	1.96	%
Судство	00:01:36	2.29	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:01:28	2.10	%
	Вкупно: 01:09:52	**100**	%

Посебни информативни емисии

Интервјуа

Во овој извештаен период од изборната кампања, ТВ Шења премиерно емитуваше едно интервју со претседателскиот кандидат Стево Пендаровски кое што првично беше замислено како дебатна емисија и биле поканети и двајцата други кандидати за претседател Гордана Силјановска-Давкова и Блерим Река. Но тие не се одѕвале на поканите на медиумот (19 април).

Дебати

На тема Избори 2019 година, реализирана беше една дебатна расправа во рамки на емисијата „Отворено студио“ (17 април). Гости на програмата на ТВ Шења беа аналитичарите Владо Димовски и Љупчо Палевски.

Други информативни емисии

Во актуелно - информативната емисија “Отворено студио“ (10 април), темата беше: Претседателските избори, анализа на пет циклуса претседателски избори, улогата на албанските гласачи и албанските партии.

САТЕЛИТСКА ТЕЛЕВИЗИЈА

ТВ 24 ВЕСТИ

Дневно-информативни емисии

Примерок:

Дневник во 17:00 часот и Дневник во 22:30 часот (за викенд во 22.00 часот).

Анализирани се 20 изданија вести со вкупно времетраење на анализираните прилози од 5 часа 55 минути и 25 секунди, речиси целосно претставени преку претежно информативните жанрови. Дел од вкупното време е и еден новинарски осврт во траење од 2 минути и 57 секунди.

Начин на известување:

Телевизија 24 Вести, и во продолжението од првиот круг од изборната кампања (од 10 до 19 април) го задржа начинот на известување за двата изборни процеси, информирајќи доминантно за активностите поврзани со Претседателските избори и кратко за настаните поврзани со изборите за градоначалници во трите општини. За активностите на кандидатите за градоначалници на Охрид, Ново Село и Дебар медиумот одвои севкупно 5 минути и 31 секунда во два прилога, еден збирен за активностите на сите кандидати за градоначалници и еден прилог посветен на завршните прес-конференции на тројца од кандидатите за градоначалник на Охрид (од ВМРО ДПМНЕ, СДСМ и ГДУ). Вкупното времетраење на анализираните прилози поврзани со изборите во дваесетте изданија вести е 2 часа 35 минути и 4 секунди, односно нешто повеќе од две петтини од вкупното времетраење на анализираните прилози.

Повеќе од половина (56%) пак од времето одвоено за изборите (Избори 2019) се однесува на предизборните активности на кандидатите за претседател. За тројцата претседателски кандидати, ТВ 24 Вести одвои приближно еднакво време во анализираните изданија вести. За двајца од нив, **Стево Пендаровски** и **Гордана Силјановска-Давкова**, исто како и во првиот дел од изборната кампања, медиумот одвои идентично време, за првиот **30 минути и 36 секунди, а за втората 30 минути и 22 секунди**. Вкупното времетраење на прилозите за предизборните активности на третиот претседателски кандидат **Блерим Река**, е **25 минути и 25 секунди**. За теренските активности на партиските лидери како поддршка на претседателските кандидати, но и за други партиски активности поврзани со изборите, во анализираните изданија вести е издвоено: за **ВМРО ДПМНЕ – 14 минути и 7 секунди**, за **СДСМ – 8 минути и 34 секунди**, и за **Беса и Алијанса за Албанците – по 59 секунди** (Табела 1).

Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови

ТВ 24 Вести

Избори 2019	Траење	Процент	
Гордана Силјановска-Давкова	00:30:22	19,58	%
Стево Пендаровски	00:30:36	19,73	%
Блерим Река	00:25:25	16,39	%
ДИК и други органи	00:09:37	6,20	%
Влада	00:05:04	3,27	%
Константин Георгиески (СДСМ)	00:01:02	0,67	%
Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ)	00:01:02	0,67	%
Михаил Трендафилов - Нанче (ГДУ)	00:01:02	0,67	%
СДСМ	00:08:34	5,52	%
ВМРО ДПМНЕ	00:14:07	9,10	%
Други субјекти	00:13:35	8,76	%

Јавно обвинителство	00:00:33	0,35	%
Локална самоуправа	00:02:22	1,53	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:03:04	1,98	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:00:48	0,52	%
Беса	00:00:59	0,63	%
Алијанса за Албанците	00:00:59	0,63	%
Граѓански сектор	00:02:05	1,34	%
Експерти/аналитичари	00:00:42	0,45	%
Без субјекти	00:00:42	0,45	%
Стефче Стевоски (ДЕМОКРАТИ)	00:00:24	0,26	%
Џемаил Мена (БЕСА)	00:00:24	0,26	%
Арбен Аголи (АА)	00:00:24	0,26	%
Хекуран Дука (ДУИ)	00:00:24	0,26	%
Николчо Стоилков (ВМРО ДПМНЕ)	00:00:24	0,26	%
Никола Андонов (СДСМ)	00:00:24	0,26	%
Вкупно за тема:	**02:35:04**	100	%
Други прилози			
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:19:51	10,06	%
Други субјекти	00:28:06	14,24	%
Јавно обвинителство	00:09:08	4,63	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:20:00	10,13	%
Претседател	00:06:14	3,16	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:02:09	1,09	%
Експерти/аналитичари	00:03:58	2,01	%
Влада	00:41:50	21,19	%
Локална самоуправа	00:13:49	7,00	%
Граѓански сектор	00:11:52	6,01	%
Судство	00:12:34	6,37	%
ВМРО ДПМНЕ	00:09:40	4,90	%
Без субјекти	00:09:58	5,05	%
СДСМ	00:05:55	3,00	%
Специјално обвинителство	00:02:20	1,18	%
Вкупно за тема:	**03:17:24**	100	%
Вкупно:	**05:52:28**		

Преостанатите речиси три петтини од вкупното времетраење на анализираните прилози отпаѓаат на другите прилози неповрзани со изборите, или 3 часа 17 минути и 24 секунди. Дел од темите за коишто медиумот информираше во првите девет дена од изборната кампања, беа актуелни и во нејзиното продолжение (преговорите околу предлог-законот за Јавно обвинителство и иднината на Специјалното јавно обвинителство, можните помилувања од страна на претседателот Иванов за осудените од настаните од 27 април 2017 г., активностите поврзани со евроатлантските интеграции), а дополнително известуваше и за работата на комисиите (македонско-грчката и македонско-бугарската) околу ревизијата на учебниците, говорот на омраза искажан од поглаварот на ИВЗ, судските случаи на СЈО, активностите на Јавното обвинителство поврзани со нарачателите на настаните од 27 април 2017 г. и др.

Владата со една петтина од времето во методолошката категорија *„Други прилози“* останува најзастапен субјект и во вториот дел од изборната кампања, што се должи на известувањата за нејзините редовни активности.

Медиумот емитуваше еден новинарски осврт (2 минути и 57 секунди) посветен на предизборните гафови на некои од претседателските кандидати, искажани за време на нивните јавни презентации.

Речиси еднакво време е одвоено за директни обраќања на двајцата претседателски кандидати, Стево Пендаровски (19 минути и 7 секунди) и Гордана Силјановска-Давкова (18 минути и 22 секунди). За

Блерим Река, исто како и во првите девет дена од изборната кампања, е одвоено помалку време за директни обраќања, 10 минути и 39 секунди. Дел од неговите ставови изнесени на митинзите и средбите со граѓани беа повторно пренесени во прекажана форма (Табела 2).

Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти

ТВ 24 Вести

Субјект	Траење	Процент	
Локална самоуправа	00:04:17	3,60	%
Други субјекти	00:08:43	7,32	%
Граѓански сектор	00:05:50	4,90	%
ДИК и други органи	00:01:21	1,13	%
Стево Пендаровски	00:19:07	16,06	%
Гордана Силјановска-Давкова	00:18:22	15,43	%
Влада	00:15:04	12,66	%
ВМРО ДПМНЕ	00:08:20	7,00	%
Блерим Река	00:10:39	8,95	%
СДСМ	00:05:19	4,47	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:04:56	4,15	%
Експерти/аналитичари	00:02:48	2,35	%
ДУИ - Демократска унија за интеграции	00:01:01	0,85	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:06:22	5,35	%
Арбен Аголи (АА)	00:00:11	0,15	%
Хекуран Дука (ДУИ)	00:00:11	0,15	%
Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ)	00:00:39	0,55	%
Николчо Стоилков (ВМРО ДПМНЕ)	00:00:12	0,17	%
Никола Андонов (СДСМ)	00:00:12	0,17	%
Константин Георгиески (СДСМ)	00:00:39	0,55	%
Стефче Стевоски (ДЕМОКРАТИ)	00:00:10	0,14	%
Михаил Трендафилов - Нанче (ГДУ)	00:00:40	0,56	%
Јавно обвинителство	00:00:50	0,70	%
Алијанса за Албанците	00:00:22	0,31	%
Беса	00:00:22	0,31	%
Без субјекти	00:02:24	2,02	%
	Вкупно: 01:59:01	100	%

Посебни информативни емисии

Интервјуа

Во десетте дена од вториот извештаен период во рамки на првиот круг од изборната кампања, се емитувани 9 интервјуа, три со кандидатите за претседател, и шест со претставници од општествено-политичкиот живот во кои изборите беа единствена, или една од темите за дискусија. На 11 април во рамки на емисијата „Фактор 24“ се емитувани разговори со холандскиот амбасадор во земјава Волтер Пломб и со универзитетската професорка Јасмина Трајкоска. Истиот ден, во рамки на емисијата „Анализа 24“ гостинка беше претседателката на ДКСК, Билјана Ивановска. Телевизијата на 14 април емитуваше интервју со кандидатката за претседателка Гордана Силјановска-Давкова дадено за Радио Слободна Европа. Емитувани се разговори и со другите двајца кандидати за претседател, Стево Пендаровски (17 април) и Блерим Река (19 април). На 18 април се емитувани кратки интервјуа и со францускиот амбасадор Кристијан Тимоние и со Александар Кржаловски од МЦМС. Разговор е емитуван и со портпаролите на Државната изборна комисија, Љупка Гугучевска и Адмир Шабани (19 април). Дел од разговорите беа репризирани.

Дебати

Во рамки на актуелно-информативните емисии „24 Анализа“ и „24 Отворено“, на тема Избори 2019 година, премиерно се реализирани 3 дебатни соочувања меѓу: кандидатите за градоначалник на Охрид – Константин Георгиевски од СДСМ, Стефче Стевоски од Демократи, Митре Милошевски од ВМРО ДПМНЕ и Михаил Трендафилов-Нанче од ГДУ (15 април). Петтиот кандидат за градоначалник на Охрид, Џемаил Мена од Беса го откажал учеството во емисијата. Втората дебата беше со претставниците на партиите Алијанса за Албанците, СДСМ и ВМРО ДПМНЕ, Сурија Рашиди, Фросина Ременски и Дафина Стојановска (16 април). Последната беше со политичкиот аналитичар Газменд Ајдини и универзитетскиот професор Љубомир Фрчкоски (19 април). Дебатните соочувања беа репризирани.

Дебатата емитувана во рамки на емисијата „24 Отворено“ (од 16 април), беше со превод на знаковен јазик, прилагодена за лицата со оштетен слух.

Други информативни емисии

Во рамки на контактно-информативните програми „Во тек“ (17 април) и „Очи во очи“ (19 април), темите на коишто гледачите можеа да го изнесат својот став, беа поврзани со изборите.

РЕГИОНАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ

ТВМ

Дневно-информативни емисии

Примерок:

Вести во 22 часот

Во вториот мониториран период од изборната кампања, од 10 до 19 април 2019 година, анализирани се 7 изданија на Вестите на ТВМ, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 1 час 30 минути и 43 секунди. Според програмската шема на ТВМ, во деновите на викендот (13 и 14 април) нема изданија на Вести, а во овој мониториран период, дневно-информативната емисија во 22 часот не беше емитувана и на 17 април бидејќи во тој термин беше пренесувана дебатата на кандидатите за градоначалник на Охрид.

ТВМ, како што тоа го прави години наназад, и во овој период, едно од изданијата на вестите прилагоди за информирање на лицата со оштетен слух преку толкување на информациите на знаковен јазик.

Начин на известување:

Фокусот на дневно-информативните емисии на регионалниот радиодифузер ТВМ и во овој втор мониториран период од кампањата - од 10 до 19 април 2019 година, беше главно на темата „Избори 2019“ за која беа издвоени 1 час 7 минути и 53 секунди. Во значително помал процент, со одвоени 22 минути и 50 секунди, беа проследени другите актуелни настани.

Следствено на изборните активности во регионот што го покрива овој радиодифузер, најзастапени во Вестите на ТВМ беа прилозите за кампањата и јавните настапи на петте кандидати за градоначалник на Охрид, а многу помал простор беше одвоен за информациите поврзани со изборните кампањи на тројцата кандидати за претседател.

Во овој период беше заокружен серијалот интервјуа со преостанатите тројца кандидати за градоначалник на Охрид – Стефче Стевоски (Демократи), Константин Георгиески (СДСМ) и Џемаил Мена (Беса). Вклучувајќи го и времето за интервјуто, временски најзастапен во вестите беше кандидатот за градоначалник на Охрид од СДСМ, **Константин Георгиески со 20 минути и 37 секунди**. За изборната кампања на кандидатот за градоначалник на Охрид од ВМРО ДПМНЕ, **Митре Милошевски беа одвоени 17 минути и 38 секунди.** Треба да се земе предвид дека времето што беше одвоено за СДСМ (**4 минути и 43 секунди**) и на Либерална партија (**1 минута и една секунда**), генерално се однесува на активностите на претставниците на овие партии во изборната кампања на кандидатот за градоначалник и актуелен в.д. градоначалник на Охрид, Константин Георгиески. Времето што беше одвоено за ВМРО ДПМНЕ од **3 минути и 19 секунди**, се однесува на партиските активности во функција на изборната кампања на нивниот кандидат за градоначалник, Митре Милошевски.

Значително помалку време во вестите на ТВМ во вториот период од изборната кампања беше одвоено за другите тројца кандидати за градоначалник на Охрид што во одреден дел соодветствува и на интензитетот на активностите во нивната изборна кампања. **Стефче Стевоски,** кандидат од партијата Демократи беше застапен со **7 минути и 27 секунди**, за **Џемаил Мена,** кандидат за градоначалник од Беса беа одвоени **5 минути и 17 секунди,** а кампањата на кандидатот за градоначалник од Граѓанската демократска унија (ГДУ), **Михаил Трендафилов – Нанче** во овој период беше проследена во **4 минути и 28 секунди, со дополнителни 34 секунди** за активностите на ГДУ во функција на неговата кандидатура.

Од тројцата кандидати во претседателските избори, во вестите на ТВМ, во овој период беше застапен само **Стево Пендаровски со 55 секунди**, во извештај од завршниот митинг на СДСМ во Охрид што се одржа на 19 април.

Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови

ТВМ			
Избори 2019	**Траење**	**Процент**	
Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ)	00:17:38	25.98	%
Константин Георгиески (СДСМ)	00:20:37	30.37	%
Џемаил Мена (БЕСА)	00:05:17	7.78	%
СДСМ	00:04:43	6.95	%
ВМРО ДПМНЕ	00:03:19	4.89	%
ГДУ - Граѓанско демократска унија	00:00:34	0.83	%
Михаил Трендафилов - Нанче (ГДУ)	00:04:28	6.58	%
Стефче Стевоски (ДЕМОКРАТИ)	00:07:27	10.97	%
ДИК и други органи	00:01:54	2.80	%
Стево Пендаровски	00:00:55	1.35	%
ЛДП - Либерално-демократска партија	00:01:01	1.50	%
Вкупно за тема:	**01:07:53**	**100**	**%**
Други прилози			
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:05:26	23.80	%
Локална самоуправа	00:02:45	12.04	%
Граѓански сектор	00:08:47	38.47	%
Влада	00:04:24	19.27	%
Други субјекти	00:01:28	6.42	%
Вкупно за тема:	**00:22:50**	**100**	**%**
Вкупно:	**01:30:43**		

Во другите прилози кои се однесуваат на актуелните настани и активности, претежно на локално ниво на територијата што ја покрива овој радиодифузер, временски најзастапен е граѓанскиот сектор низ прилозите во кои беа проследени активностите на граѓанското здружение Охрид СОС и на Здружението за мултикултурна интеграција „Инклузија“. Во методолошката категорија Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи беа проследени активностите на ЈП Билјанини извори, на Охридската капетанија и на Здравствениот дом Охрид, а времето одвоено за Владата генерално се однесува на информациите од Министерството за здравство за прогласувањето на епидемија со морбили

Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти

ТВМ

Субјект	Траење	Процент	
СДСМ	00:02:34	7.49	%
Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ)	00:06:37	19.31	%
Стефче Стевоски (ДЕМОКРАТИ)	00:03:04	8.95	%
Локална самоуправа	00:01:31	4.43	%
Граѓански сектор	00:03:01	8.80	%
Константин Георгиески (СДСМ)	00:07:23	21.55	%
Џемаил Мена (БЕСА)	00:03:13	9.39	%
ВМРО ДПМНЕ	00:02:28	7.20	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:01:59	5.79	%

ЛДП - Либерално-демократска партија	00:00:49	2.38	%
Михаил Трендафилов - Нанче (ГДУ)	00:01:37	4.72	%
	Вкупно: 00:34:16	**100**	**%**

Според временската застапеност во Вестите и во директните обраќања (Табела 2) најмногу време во овој мониториран период беше одвоено за кандидатите за градоначалник на Охрид од двете најголеми партии – Константин Георгиески (СДСМ) и Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ) за кои беше одвоено приближно исто време.

Посебни информативни емисии

Интервјуа

Во овој мониториран период од 10 до 19 април 2019 година, ТВМ продолжи со реализација на серијата интервјуа со кандидатите за градоначалник на Охрид.

На 10 и на 11 април репризно беше емитувано интервјуто со кандидатот за градоначалник од партијата Демократи Стефче Стевоски, што беше премиерно реализирано на 9 април.

На 10 април премиерно беше емитувано интервју со Михаил Трендафилов – Нанче (ГДУ), со две репризи, на 11 и на 12 април.

Интервјуто со кандидатот за градоначалник на Охрид од ВМРО ДПМНЕ Митре Милошевски, премиерно беше емитувано на 11 април, со две репризи на 12 и на 13 април.

На 12 април премиерно, а во наредните два дена (13 и 14 април) репризно, беше емитувано интервју со кандидатот за градоначалник од СДСМ Константин Георгиески.

Преземеното „Неделното интервју“ на Радио Слободна Европа со кандидатката за претседателка Гордана Силјановска - Давкова, на ТВМ беше емитувано на 14 април, со едно премиерно и едно репризно издание.

Дебати

Во дебатата што беше емитувана на 17 април премиерно и на 18 април репризно, се соочија кандидатите за градоначалник на Охрид – Стефче Стевоски (Демократи), Михаил Трендафилов Нанче (ГДУ), Митре Милошевски (ВМРО ДПМНЕ) и Константин Георгиески (СДСМ). Водителите информираа дека кандидатот за градоначалник од Беса Џемаил Мена бил уредно поканет да учествува на дебатата, но не одговорил на поканата.

Дебатата беше реализирана во три дела, во кои четворицата учесници на предвремените локални избори за градоначалник на Охрид ги презентираа своите програми и одговараа на новинарски прашања и на прашања од граѓаните.

ТВ ВИС - Струмица

Дневно-информативни емисии

Примерок:

Вести во 22 часот

Анализирани се 9 изданија на Вестите во 22 часот, со вкупно времетраење на анализираните прилози од 1 час 18 минути и 32 секунда.

Според програмската шема, ТВ Вис не емитува дневно-информативна програма во недела (14 април).

Начин на известување:

Во вториот мониториран период во текот на изборната кампања - од 10 до 19 април 2019 година - во Вестите на ТВ Вис беше одвоен значително помал простор за прилозите поврзани со претседателските и со вонредните локални избори за градоначалник во Општина Ново Село (која припаѓа во реонот што го покрива овој регионален радиодифузер), во однос на првиот период од изборната кампања.

Прилозите на тема „Избори 2019“ во дневно-информативните емисии заземаат само 17 минути и 36 секунди, а во значително поголем процент со 1 час и 56 секунди беа застапени другите прилози за актуелните настани кои не се директно поврзани со изборната кампања на претседателските кандидати и на кандидатите за градоначалник на Општина Ново Село. Темата „Избори 2019“ беше проследена претежно преку општи информации од Државната изборна комисија, од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од Народниот правобранител во Струмица, методолошки категоризирани како *„Други субјекти“.*

Кандидатите за градоначалник на Ново Село, Никола Андонов од СДСМ и Николчо Стоилков од ВМРО ДПМНЕ во Вестите на ТВ Вис добија идентичен простор – по 1 минута и 24 секунди (Табела 1), а подеднакво беше распределено и времето за двете партии - СДСМ (2 минути и 27 секунди) и ВМРО ДПМНЕ (2 минути и 26 секунди).

За претседателските избори и за изборните активности на кандидатите за претседател телевизијата не емитуваше посебни прилози.

Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови

ТВ ВИС

Избори 2019	Траење	Процент	
ДИК и други органи	00:01:09	6.53	%
Други субјекти	00:08:46	49.81	%
ВМРО ДПМНЕ	00:02:26	13.83	%
СДСМ	00:02:27	13.92	%
Никола Андонов (СДСМ)	00:01:24	7.95	%
Николчо Стоилков (ВМРО ДПМНЕ)	00:01:24	7.95	%
Вкупно за тема:	**00:17:36**	**100**	**%**
Други прилози			
Влада	00:21:22	35.07	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:04:40	7.66	%
Локална самоуправа	00:15:19	25.14	%
ВМРО ДПМНЕ	00:01:54	3.12	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:07:01	11.52	%
Без субјекти	00:03:51	6.32	%
Други субјекти	00:01:40	2.74	%
Јавно обвинителство	00:02:44	4.49	%
СДСМ	00:02:25	3.97	%
Вкупно за тема:	**01:00:56**	**100**	**%**
	Вкупно: 01:18:32		

Во другите прилози посветени на актуелните настани во земјата, најголем дел беа за активностите на Владата (21 минута и 22 секунди) и на локалната самоуправа (15 минути и 19 секунди). Преку извештаи и изјави беа проследени посетите на министерката за труд и социјала Мила Царовска и на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски на неколку градови од југоисточниот регион, со најава за реализација на нови проекти (деинституционализација на Заводот за заштита Бања Банско;

изградба на пат за Горна Маала, 20 милиони евра од Светска банка за изградба на откупно-дистрибутивни центри; измени во законот за производство на вино и сл.)

Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти

ТВ ВИС

Субјект	Траење	Процент	
Локална самоуправа	00:06:13	19.31	%
Влада	00:09:05	28.21	%
ВМРО ДПМНЕ	00:03:03	9.47	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:01:41	5.23	%
СДСМ	00:04:02	12.53	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:00:32	1.66	%
Други субјекти	00:06:25	19.93	%
Никола Андонов (СДСМ)	00:00:34	1.76	%
Николчо Стоилков (ВМРО ДПМНЕ)	00:00:37	1.92	%
	Вкупно: 00:32:12	100	%

И во директните обраќања, најзастапени во Вестите на ТВ Вис беа претставниците на Владата со 9 минути и 5 секунди. Од директните учесници на изборите, во овој мониториран период, емитувана беше по една изјава од двајцата кандидати за градоначалник на Ново Село со приближно исто време (Табела 2).

Посебни информативни емисии

Интервјуа

На тема „Избори 2019“ во овој мониториран период на ТВ Вис беа емитувани интервјуа со претседателските кандидати Стево Пендаровски и Гордана Силјановска Давкова преземени од Радио Слободна Европа.

Интервјуто со Стево Пендаровски емитувано претходно, беше репризирано на 10 април, а интервјуто со Гордана Силјановска Давкова имаше премиерно издание на 14 април и реприза наредниот ден.

Телевизија 3 - Дебар

Дневно-информативни емисии

Примерок:

Вести во 21 часот.

Во вториот извештаен период, од 10 до 19 април 2019 година, беа анализирани 4 изданија од дневно-информативната емисија во 21 часот на регионалниот радиодифузер Телевизија 3 (Дебар). Поради технички проблеми не беше можно да се направи анализа на програмата на 10, 11, 12, 13, 14 и 17 април.

Анализираниот примерок на Вестите е со вкупно времетраење од 30 минути и 48 секунди, од кои 26 минути и 22 секунди се прилози поврзани со темата „Избори 2019“ во која се известува за изборните активностите на кандидатите за претседател и на двајцата кандидати за градоначалник на Дебар.

За другите актуелни настани кои не се директно поврзани со изборите, беа одвоени 4 минути и 26 секунди.

Мониторираните изданија на Вестите на Телевизија 3 не го достигнуваат релевантниот методолошки примерок на дневно-информативна програма за да се оцени начинот на известување.

ТВ Кобра - Радовиш

Дневно-информативни емисии

Примерок:

Дневник во 20:00 часот**.**

Анализирани се 10 изданија на вести во 22 часот со вкупно времетраење од 1 час 17 минути и 5 секунди.

Начин на известување:

За темите поврзани со Претседателските избори 2019, во периодот од 10 до 19 април, беа издвоени вкупно 25 минути и 23 секунди во анализираните изданија на Дневникот од 22 часот. ТВ Кобра ја следеше изборната кампања на тројцата кандидати за претседател преку 15 прилози во вестите во кои информираше за нивните дневни активности, митинзи, средби со граѓани, соопштенија од нивните изборни штабови итн.

Вкупното време на прилозите преку кои се покриваше изборната кампања на кандидатите за претседател е премногу мало, а разликата помеѓу одвоеното време за различните кандидати е незначителна за да се донесе заклучок дали е обезбеден баланс при известувањето за активностите на претседателските кандидати. Медиумот, иако во мал обем, ги покри активностите на сите тројца кандидати за претседател, Река, Силјановска-Давкова и Пендаровски (Табела 1). ТВ Кобра воопшто не емитуваше прилози поврзани со Предвремените локални избори за градоначалник.

Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови

ТВ Кобра

Избори 2019	Траење	Процент	
Гордана Силјановска-Давкова	00:05:28	21.54	%
Стево Пендаровски	00:05:56	23.37	%
Блерим Река	00:02:34	10.11	%
СДСМ	00:02:47	10.97	%
ДИК и други органи	00:04:23	17.27	%
Граѓански сектор	00:00:55	3.61	%
ВМРО ДПМНЕ	00:01:21	5.32	%
Влада	00:01:59	7.81	%
Вкупно за тема:	**00:25:23**	**100**	**%**

Други прилози			
Влада	00:28:42	55.51	%
Граѓански сектор	00:02:11	4.22	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:06:47	13.12	%
ВМРО ДПМНЕ	00:03:59	7.70	%
Локална самоуправа	00:07:14	13.99	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:02:49	5.45	%
Вкупно за тема:	**00:51:42**	**100**	**%**
	Вкупно: 01:17:05		

Поголемото време од анализираните вести (51 минута и 42 секунди) отпаѓа на другите прилози кои не беа поврзани со изборниот процес. Повеќе од половина од ова време ТВ Кобра одвои за редовните активности на Владата (28 минути и 42 секунди), за кои медиумот на дневно ниво известуваше преку извештаи од прес-конференции, информации за спроведувањето на владините политики како и информации за епидемијата на морбили од Министерството за здравство и јавните здравствени установи. Во оваа методолошка категорија „*Други прилози*“ влегува и времето одвоено за прилозите во кои се известуваше за седниците во советите на општините, партиските реакции на ВМРО ДПМНЕ итн.

Табела 2: Структура на директните обраќања во вестите по субјекти

ТВ Кобра

Субјект	Траење	Процент	
Гордана Силјановска-Давкова	00:03:39	9.98	%
Стево Пендаровски	00:02:53	7.88	%
СДСМ	00:01:56	5.28	%
Влада	00:16:42	45.65	%
Локална самоуправа	00:05:07	13.99	%
Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи	00:02:05	5.69	%
ВМРО ДПМНЕ	00:03:03	8.34	%
Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари	00:01:10	3.19	%
	Вкупно: 00:36:35	**100**	**%**

Во поглед на директните обраќања во анализираните прилози, ТВ Кобра на субјектите во вестите им отстапи вкупно време од 36 минути и 35 секунди. Најмногу време за директни обраќања имаат претставниците од Владата (16 минути и 42 секунди), преку изјавите на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Николовски, министерот за здравство Венко Филипче и владиниот портпарол Миле Бошњаковски. За директни обраќања на претседателските кандидати Силјановска-Давкова и Пендаровски, ТВ Кобра одвои вкупно време од 6 минути и 32 секунди. Кандидатот Блерим Река не беше застапен во вестите преку директни обраќања (Табела 2).

ЛОКАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ

ТВ Дибра – Дебар

Медиумот не ја покриваше изборната кампања.

ТВ Морис - Охрид

<u>Дневно-информативни емисии</u>

Примерок:

Дневник во 22:00 часот.

Анализирани се 8 изданија на вести со вкупно времетраење на анализираните прилози од 58 минути и 45 секунди. Во недела ТВ Морис редовно не емитува Дневник во 22:00 часот, а на 18 април вести во 22 часот не се емитуваа поради технички причини. Од анализираните прилози, 29 минути и 43 секунди беа одвоени за изборните кампањи на кандидатите за градоначалник на Охрид а 29 минути и 2 секунди беа одвоени за други прилози во кои се известуваше за редовните активности на Владата, јавните претпријатија, органите на државната управа, како и за активностите на Општина Охрид.

Прилозите кои беа предмет на мониторинг од Дневникот на ТВ Морис, временски не го достигнаа релевантниот методолошки примерок дневно-информативна програма за извлекување оценки за начинот на известување.